СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 1997 година

Скопје, јануари 1997 година

I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 58 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 30. I. 1997 год.

Дискутанти:

1. АБДИ ФАИК – 1
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 78, 82 ,89.
3. БОЈКОВ ИВАН - 12
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ -23,30,54
5. ВАНГЕЛОВ АТАНАС -63
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 15
7. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 46
8. ЖУТА БЕКИР - 91 (мин . за стопан.)
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 49
10. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 44
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 36, 43
12. НИКОЛОВСКИ ДУШАН -88
13. ТИТО ПЕТКОВСКИ - води седница-
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 51, 52, 54, 86
15. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 18, 23
16. РАМАДАНИ ХИСЕН - 62
17. РАМАДАНИ САЛИ - 6, 8, 61, 68, 76, 93
18. ТАИРИ МЕВЉАН - 60
19. ТУДА РАМИ - 31, 36
20. ТОДОРОВА СОФИЈА -54, 60, 74, 76.( Мин.за образов.)
21. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ – 48 - води седн.
22. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ -107
23. ШАКИРИ ХИСНИ - 65,67.

Дневен Ред:

- Претрес по Предлогот за донес.на Закон за јазиците на кои се изввед. Наставата на Педагошкиот факул. "Св.Климент Охридски"-Скопје,со П.З. (донесен на стр.77)

Т.3 – стр.77
Т.4 – стр.79
Т.5 – стр.81
Т.6 – стр.83
Т.7 – стр.85
Т.8 – стр.93
Т.9 – стр.104
Т.10 – стр.106

К Р АЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Благоја Стојковски, Владе Давитковски, Маријан Начевски, Славе Наумовски, Тодосие Паунов, Зоран Крстевски, Димитрија Поповски и Љубисав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Св.Климент Охридски" во Скопје, со Предлог на закон.

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, почитувани министри мислам дека се наоѓаме во една пресвртница во Република Македонија гледајќи во каква економска состојба се наоѓаме, гледајќи по улиците што се случува, гледајќи многу луѓе без работа, гледајќи што се случува кај нашиот северен сосед, што се случува во Албанија, што во Бугарија, со еден збор, што се случува на Балканот овде и дали е можно

целиот Балкан некако да биде под еден добар удар на дуњата на цветот. Тоа е едната страна.

Втора страна: и Европа и светот гледа многу добро на Балканот, гледа многу добро во Македонија, на Македонија и за Македонија, на граѓаните на Македонија, меѓутоа, овде вчера слушајќи ги дискусиите на колегите пратеници било да се од ПДП или НДП, заправо ПДП и ПДПА, било да се од други политички партии, човек може да стекне впечаток и да употреби една народна поговорка - а, бе еве ти го ова палто облечи го, овој вика не сакам да го облечам тоа палто. Сосила може да му се одземе палтото, а да му се даде да го облече, тоа не може. Но ние сме овде парламент, највисок законодавен дом и мислам дека треба да се разбереме за овие работи треба да сме чисти пред себеси и треба да знаеме дека 1-991 година со донесувањето на Уставот и на Уставната комисија и овде салата беше преполна од пратеници, тие што беа тогаш, некои настојуваа преамбулата да има разни дефиниции, па дури и во име на бога се создава Македонија итн. тоа е од еден колега пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека Јордан Бошков се вика, па некои не сакаа воопшто националности да се внесат внатре итн., па да не биде во преамбулата национална држава на македонскиот народ. Ние од ПЦЕР, нашиот Конгрес се договоривме да ја прифатиме таа преамбула не, под наводници говорам, заради тоа што еден така се изрази тогаш, "да се знае кој е стопанот", не "да се знае кој е стопанот", туку заради тоа што оваа држава е на сите граѓани и заради тоа што има македонци во околината надвор од Македонија, подалеку од Македонија во Канада, Америка и Австралија, да се знае дека имаат матична држава Македонија. Јас и денес и понатаму, само така тоа ќе го мислам и ќе го толкувам, а не дека има некои големи а некои впрочем, првиот член на Уставот на Република Македонија, каде се говори за дефиницијата на државата кажува дека е на сите граѓани, од граѓански аспект. Вчера еден

од колегите пратеници кажа дека малку поинаку тоа го толкува меѓутоа, мислам дека не е вред.

Одиме на предлог законот и ставот на Сенатот на Универзитетот. На телевизија ги гледав сите тие демонстранти, демонстрации да не се донесува овој закон, па дури и со некои други знамиња од кои ние се откажавме, тие мафтаа. Тоа значи ова прашање е политизирано од друга или други политички партии. Тоа е многу лошо. Никогаш не треба да се плашиме од рамноправноста. Да се плашиме од нерамноправноста. Тогаш се доаѓа до лоши работи. Лоши меѓусоседски, меѓунационални, па и други односи, меѓутоа се создава она што било едно време горе во северните краишта на поранешна Југославија односно Босна, Србија и т.н. Јас верувам дека и понатаму ќе бидеме на таа висина да го држиме нашиот однос еден спрема друг еден сосед кон друг сосед, една националност спрема друга националност, еден македонец спрема друг, трет итн. како луѓе да живееме заеднички и да создаваме заеднички.

Меѓутоа, мислејќи за развојот на сите граѓани во Република Македонија а и гледано од законот, јас ќе покажам и еден друг документ што го имам веќе три четири години. Развојот на нашите деца не е подеднаков. Велам не е подеднаков заради тоа што мнозинството има начин има пат, заради тоа што ова му е мајчин јазик да се развива многу побрзо од оние на кои македонскиот јазик не им е мајчин јазик. Треба да се создадат услови за да може и тие деца да се развиваат и нормално на високите школи и факултети да се запишуваат нормално а не 2%,3%,5%,10% и од тие 10% минатата учебна година ургирав за 4-5 души и беа примени, меѓутоа добивме писмо каде што е 0,1 или не знам колку,една рака да влезе на факултет и една нога и т.н. Заради тоа што бројот на жителите Роми е толку.

Навистина, за срам и за голема беља тоа не е вред не чини. Ние од 1990 година наваму се ангажираме нашите деца да учат и на ромски јазик, на факултативна основа. Почнаа во три четири училишта и тоа зошто во три четири училишта, зошто не во поголем дел. На пример, постоењето на буквар, читанка, постоење на еден семинар од 3 месеци кој е финансиран од државата, од Министерството за образование, поранешниот министер Бајалџиев и договор-еве еден записник, Белешка од 1992 година, каде во точката 3 се вели вака:

"Работната група заклучи дека е потребно Филолошкиот факултет да подготви соодветен елаборат за отворање на лекторат по ромски јазик на Филолошкиот факултет во кој 1се ги обработи сите битни прашања сврзани со неговото отворање.

Елаборатот треба да се изготви најдоцна до 15-ти септември 1992 година, а потоа истиот согласно позитивните законски прописи да се достави до Универзитетот "Кирил и Методи"-Скопје и до Министерството за образование и физичка култура".

Тогаш декан беше г-динот проф.д-р) Атанас Вангелов на овој факултет.

Понатаму имаме договор, тогашниот министер односно после него министерката заборавив како се вика, да го овласти г-динот Атанас Вангелов, кој веќе стана пратеник да може да ги потпише тие јавни исправи околу курсот, 124 слушатели одеа таму 85 положија, да ги речеме тие еден вид белешки, затоа што во документот за учење на ромскиот јазик во училиштето каде што учат ромски деца се вели дека можат да конкурираат луѓе со високо, више па дури и средно образование, но задолжителен е курсот од три месеци. Сеуште и до ден денес тоа не е направено. Интересна работа зошто. Така дечињата меѓу себе нормално меѓу себе зборуваат ромски, на улица ромски, во училиште ромски, со учителката знам во Шутооризари и во двете

училишта почнаа и во град во едно училиште, во "Васил Главинов", но во другите градови нешто се чека, а што знам што се чека.

Значи не е проблемот само со албанците и пред ова Собрание сакам да кажам дека при доаѓање на гости од надвор, било да е тоа во Комисијата за надворешно - политички прашања, било во Комисијата за меѓунационални односи да не се дозволи - тука се присутни пратениците, претседателите на комисиите - само прашањето на албанците. Стварање на синдром, не од сега, од многу порано. Каков излез да се бара за тоа прашање. Иако ние велиме т.н. Тетовски универзитет, тие велат Тетовски универзитет таму има 2500 студенти. Има нешто што треба да се преземе. Да се разбереме, тоа може да биде така, или не може да биде така. Ќутенката или ветувањето, никако.

Мислејќи на овие прашања, мислејќи на тие меѓусоседски, меѓунационални добри односи и воопшто Македонија како Македонија и нашиот рејтинг што е постигнат во Светот, на Комисијата за меѓунационални односи јас не бев определен бев воздржан и денес ќе бидам воздржан, заради тоа што ако прво тие не се согласуваат за Педагошкиот факултет таму да го има она што ние го предлагаме со Законот, што тогаш, што чекаме, законот за универзитет. Тогаш ќе седнеме ако треба една недела, две недели, ќе седнеме, ќе разговараме итн.

Благодарам што ми дадовте збори верувам дека нашата г-ѓа Софија Тодорова, министерот за образование ќе го земе предвид и ова што го зборувам за 1992 година, зашто тогаш ме убедуваа дека сите почнаа со лекторат, па после со катедра. Ние деновиве испративме едно момче дипломиран правник во Париз, во Сорбона или каде ќе биде на ромологија,таму има катедра. Овде нема. Нека биле лекторат, меѓутоа да бидеме спремни луѓето да се подготвуваат за да можат да бидат добри наставници да ги учат добро децата. Овие исправи што треба да ги добијат, да ги добијат . Јас знам кој се е вработен во тие две три

училишта, луѓе кои не беа на предавањата тие три месеци. Имам список по кои предмети и кој предаваше. Не се разбирам во тоа. Немам ништо против овие што се вработија, меѓутоа, мислам дека основните се таму во тие три месеци, тоа не е малку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот, нема никаква дилема и тоа не е дискутабилно дека студентите албанци од не таканаречениот туку погрешно речениот педагошки факултет, а би требало факултет за воспитувачки и учители, студентите албанци се потполно во право и тоа што им е ветено уште пред запишувањето на овој факултет треба дословно да се спроведува и да им се обезбеди изведување на наставата на нивниот мајчин албански јазик. Тоа е како еден "кондицио сине ква нон" и од тоа нема враќање назад. Тука сме сложни, согласни сите и мораме да бидеме согласни.

Меѓутоа, се поставува друго прашање: Со каков правно нормативен акт ќе се регулира оваа материја, на кој начин и централното прашање како. Затоа, јас имам исто така мои видувања.

Во тој поглед и за цело ова време, како и на говорницата на Собранието на Република Македонија, ако се ислушаат поединечните мислења, се делат на три глобални дела.

Прво, од една страна ни се појавува Владата на осакатеното мнозинство на Република Македонија како предлагач на овој законски проект со цврсто претендирање по секоја цена да се донесе, а нејзините цели се знаат,да се оправда пред студентите албанци, пред внатрешната и меѓународната јавност дека наводно направила чекор напред од една страна. Додека од друга страна, на перфиден скриен и хипокритен, но и наивен и безуспешен начин да му се спротивставува на универзитетот во Тетово со настава на албански јазик

Второ, од друга страна ни се јавува еден на прв поглед посебен но дефакто мезо фактор, албанофобите, почнувајќи од неформални групи на студенти групи-македонци за жал поттикнати и поддржани за жал и јавно не само од нивните наставници од матичниот факултет и универзитетот "Кирил и Методи" туку и од првиот фактор додека скенарот се обидува да се пласира и во рамките на овој Парламент па дури и со навредливи и понижувачки зборови, кои треба да ги задржат за себе и им се враќаат на ист начин како бумеранг.

Третиот, најрелевантниот, најобјективниот и најоштетениот фактор се студентите и професорите албанци, политичките партии на албанците, а можеби овој пат и министрите албанци кои со неоспорувани аргументи на многу културен, мирен и цивилизиран начин им се спротивставуваат и на едната и на другата страна додека првиот и вториот субјект во свесна и во несвесна колаборација не се во право и повторно како "кондицио сине ква нон"им се предетерминирани на неуспех и тоа катастрофално.

II/1.- ДВ-ВБ

**САЛИ РАМДАНИ:** (продолжение)

Додека првиот фактор со помошта на наивниот метод на обидот за манипулирање со овој законски проект им нуди еден минимум на наводно јазично право на албанците и тоа измамливо и испод ситем меѓународни правни норми и стандардни права. Вториот фактор на бескрупулозен начин, без бирање на средства и тоа на најнелистички начин се обидува и тоа- да го негира потполно, третиот и темелниот, базичниот фактор, а од своја страна и принуден свесно па и несвесно да се хемогенизира, им одговара со контра аргументи на сите, цврсто го поддржува барањето за итно донесување на законот за високо образование и целосно и корпорирање на Универзитетот во Тетово, во образовниот систем, вклучувајќи го и неговото финансирање од Републичкиот буџет, од заедничкото инкасирање на сите национални колективитети кои ја сочинуваат и живеат во Република Македонија.

Поконкретно, наводно дека не е во прашање сложен ниту обемен закон, треба на истата седница, со предлогот на законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје, точно е тоа дека не е обемно, меѓутоа не е точно дека не е сложено. Сложено е и те како. Сложен и комплициран колку сакаш. Овој е еден од најдискутабилните, ако не и најдискутабилен, апсурден, контрадикторен и најигнориран закон од сите други што се донесени, барем за овие две последни години во ова Собрание.

Владата, како впрочем и пратениците имаат право да предлагаат закон, меѓутоа имаат право да предлагаат закони за кои ги обврзува Уставот , а не и противуставни, измислени, и магинирани проекти, операционализирани сегменти кои треба да произлегуваат ако треба од претходните, другите општи т.е. генерални кои регулираат материја од таков и сличен карактер, а врз основа на кои треба да се донесат подзаконски и слични акти, па било и какви од ваква и слична форма.

Овој предлог за донесување на закон нема никаква врска со Уставот на Република Македонија, а најмалку со членот 48, г-ѓа министер, од овој Устав кој со катастрофално погрешно применување се обидува да ни наметне вакво решение, ваков предлог. Предлагачот од причините поради кој е потребно да се донесе законот наведува дека правото на настава на јазиците на припадниците на националностите во основното образование, а го испуштила и средното, тоа е моја забелешка е утврден со член 48 од Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, тоа нема никаква врска со овој законски предлог.

Во членот 48 став 4 од Уставот на РМ пишува дословно "припадниците на националностите имаат право на настава на својот мајчин јазик во основното и средното образование, на начин утврден со закон". Значи со закон за основното и средното образование, а не закон за Педагошкиот факултет. Овој член нема врска со тоа. Значи, врз основа на овој член може да се донесе закон. Тоа е уставна обврска и Владата и Парламентот во тој поглед заостануваат. Врз основа на член 48, по донесувањето на Законот за основното и средното образование требаше да следи закон за јазиците на националностите во основното и средното образование. Овој член нема никаква врска со Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје, па и конкретно овој предлог нај-веројатно е составен од нестручњаци, неправници. Меѓутоа, апсурдот е во тоа што се предлага во името на Владата во која се наоѓаат доста добри стручњаци, правници. Тука нема дилема. Тука имаме стручњаци со докторски титули и професори на Правниот факултет, кои, најверојатно, ниту го прочитале, ниту беа присутни на седницата одржана на 13.12.199 година, или пак зафатени со голем број должности не внимавале доволно и направија ваков гаф. Не е спорно дека за остварување на ова, а не оваа право, погрешно е во текстот, на припадниците на националностите потребен е и соодветен воспитувачки односно наставнички кадар кој ќе ја изведува наставата на јазикот на

националностите. Меѓутоа, погрешно и антиуставно е тоа што се обидува да се регулира со ваков закон кој со тоа нема, повторувам, никаква врска. Оваа материја треба да се регулира врз основа на член 7 став 2 и 3 од Уставот на РМ, со закон за службена употреба на јазиците и писмата на националностите или пак уште поконкретно, врз основа на член 46 став 2 од Уставот на РМ, со законот за високото образование, кој после првата фаза веќе повеќе од една година никако да дојде на расправа во Собранието. Сега се поставува едно логично прашање. Зошто овој законски проект доаѓа пред предлогот на законот за високото образование . Логиката е нелогична. Се знае дека продолжувањето на бившата Педагошка академија како педагошки факултет односно неговото основање имаше и една перфидна цел за да се обиде на ваков начин да му се спротивстави на Универзитетот во Тетово. Тоа не е спорно. Сега веќе овој факултет работи и тоа е реалност. Работи, меѓутоа, работи нереално. Работи лошо. Работи парализирана, со игнорирање на изведувањето на наставата на албански јазик. На поголем дел од предметите иако договореното беше поинаку. До соодветното законско решение и реагирање со нормативен акт на високото образование, наставата треба да се изведува и на албански јазик по сите предмети. Затоа студентите и наставниците што реагираат на познати начини со бојкотирање на наставата која се изведуваше на македонски јазик за албанците студенти, петициите, протестите и другите форми, се во право и те како. Меѓутоа, под овој прикриен притисок а наводно како потреба на времето со овој предлог за донесување на закон, посебно ваков каков што ни се претставува, не само што не разрешува ништо, туку на уште еден поперфиден начин се обидува хипокритски со разни условувања, рестрикции со невидена позадина да се замагли работата повеќе и на сите, па и на нас пратениците да ни се фрли прашина пред очи. Меѓутоа, и ова не пали и

основните начела врз кои се обидува да се засновува овој предлог, ни со демократичноста, ни со достапноста на образованието не е за никого и со условувани услови, додека играта нема врска ни со убедувањето за квалитетот во образованието, туку се обидува да произведува нешто друго, а за тоа во друга прилика.

Владата, впрочем како и пратениците има право да предлага донесување на закони, меѓутоа врз основа на Уставот и тоа има некој редослед. После донесувањето на Уставот,во образовната сфера нормално треба да следи и законот за високо образование како општ нормативен акт, а не закони за поедини факултети и виши школи и тоа само за еден факултет и тоа не за општата организација и работата на истиот, туку само за еден негов сегмент кој е резултат, скриено за едно оправдано барање на студентите и наставниците албанци, а наводно како потреба, додека со сосема други намери односно злонамерни кои никого не го убедуваат и ни е многу јасно дека многу фактори од образованието и во него се доведени и до разни екстремни дејности со контроверзни и апсурдни однесувања кои не доликуваат на никого, а уште помалку на академски граѓани , посебно на оние со научни титули.

После донесувањето на законот за високо образование ќе требаше да следат статутите на универзитетите,а врз нивните основи и оние на факултетите и вишите школи. Тоа ќе беше сосема нормално. Но, да речеме дека Владата мисли дека треба да донесува и поединечни закони. Тоа требаше да го прави потоа и тоа за сите слични институции и во глобала, а не парцијално и толку детално операционализирано. Коинцидентно делам делумно мислење со ставовите на заклучоците на универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје. Но што се однесува до формата во право се. Но, за жал што се однесува до есенционалноста и потребата од рамноправност се заидуваме до инфинито и немаме ништо заедничко. Меѓутоа и за ова во една друга прилика.

Поради горе изнесените причини и аргументи предлагам овој предлог на закон за донесување на закон, а уште помалку сега и по итна постапка со оваа форма и содржина како што ни се претставува, да не се донесува.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Од образложението дадено во Предлогот за целта за донесување на овој предлог на закон, мене ми е се јасно и тоа не би го коментирал. Но, јасно ми е дека во денешниот степен на развој на демократските односи кај нас, па и пошироко во регионот се чувствува огромна потреба се да се исполитизира, да се манипулира со се и сето тоа да се пропрати со разни претпоставки, образложенија и аргументи. Па и во овој случај едно понудено решение за една сосема конкретна, објективна и постојан состојба се подига на ниво на национално прашање со употреба на термини кои и монструозно звучат, а што е најинтересно тоа доаѓа од разни структури на луѓе. Со еден збор непотребно се создава тензија која на оваа млада држава најмалку и е потребно.

Јас го сфаќам ова законско решение, кое многумина го нарекуваат парцијално само како еден напор да бидеме попрактични и да не замижиме пред една постојан ситуација односно истата да се легализира, особено ако се очекува постапката за донесување на законот за високо образование да се одолжи, како што имавме веќе и наговестување. За тоа впрочем треба да бидат најзаинтересирани исклучиво и структурите на универзитетот "Кирил и Методиј".

Инаку ставовите на Сенатот би имале некоја смисла ако во нив на било кој начин се кажеше што да се прави и како да се постапи во ова меѓувреме до донесувањето на Законот за високо образование за да се на овој факултет биде легално и Универзитетот легално работи и функционира. Инаку, во отсуство на такво понудено решение, навистина

ставот за мене нема смисла.

Ја сепак мислам дека позадина на реакциите од евентуалното донесување на овој закон е тоа што и многумина овде го потенцираа, тоа што многумина сметаат дека тоа е само прва скала или фаза до верификација на таканаречениот универзитет во Тетово. Јас тоа така не го сфаќам. Сфаќам дека со овој закон се решава нешто што се совпаѓа со рамките на правата на националностите што произлегуваат од Уставот и само толку и ништо повеќе.

Наметнатиот проблем со таканаречениот универзитет во Тетово не треба, јас така и не го сфаќам а не треба и сите да го сфатиме како борба од која некој ќе излезе како победник а некој како поразен. Тука е причина само да се направи една реална и објективна проценка за рамките и стандардите кај потребите и можностите на оваа држава во системот на образование кои се прифатливи и се совпаѓаат со европските и светските стандарди и критериуми. Факт е дека на многу нивоа е потврдено дека нашите стандарди во оваа област се високи, ако не се највисоки. Друго е што некои партии на албанците во Македонија па и некои македонски партии и партии на другите националности своето по- стоеше и активност го базираат највеќе па и исклучиво на бранење на некои загрозени права и интереси на албанците, макаедонците, турците, србите итн,, иако фактите и констатациите од сите мериторни страни се спротивни. Со ништо друго тие партии најчесто и не настапуваат пред својот електорат, како што најчесто го нарекуваат. Според мене не е тоа електорат почитувани колеги. Тоа се луѓе оптоварени со своите животни и ексенционални проблеми, туку и сите граѓани во Република Македонија, особено во овие тешки времиња.

Љубовта кон својот народ, националност, дајте да ја искажуваме на тој начин што ќе создаваме постапно атмосфера и можности за подобрување на условите на живеење на тој народ. Да направиме да за-чурат фабричните оџаци, да чуеме жабор во фабричките хали, да ја смалиме армијата на невработени, да го заинтересираме и мотивираме земјоделецот за поголемо производство, да ги ослободиме пензионерите од грчевитата борба за опстанок од пензија до пензија, да направиме реформи во образовниот систем и младите да се образуваат по европски и светски теркови и стандарди со плански вработувања по школувањето. Да ги подобриме условите во градинките, школството, здравството, културата и спортот. Љубовта да ја докажеме преку борба на идеи и решенија и во тој правец да ја трошиме својата енергија. Добрите решенија да ги поздравиме и прифаќаме без оглед на тоа од која страна доаѓаат. Кога тоа и ако тоа го направиме, тогаш, верувајте, никој нема да се потресува од фактот кој и на каков јазик слуша настава во системот на образованието. Неосетно ќе се поврати и нарушената меѓунационална доверба. Но, факт е и тоа дека многу политички партии на жалост или на радост во таква ситуација ќе немаат основа и мотив за својата работа и активност. Ако така успееме да го сакаме својот на- род и нација, добро, ако не изгледа подобро и да не го сакаме. Ако тоа со тек на време не успееме да го направиме и ние не заслужуваме да бидеме во овие клупи.

Јас лично ќе гласам за овој закон затоа што во него гледам една смелост на Владата во ова време, во овие услови и со овие можности како што рече колегата Вангелов и на овој начин да го реши ова во овој момент значајно прашање.

III/1.-НН/МЛ

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа.

Сакам посебно да истакнам дека почитувањето на Уставот и законите е темелна вредност на еден народ и дека јас ги претпочитам правните аргументи затоа што се тоа дефинирани вредности, а политичките аргументи се само збир на интереси. Поаѓајќи од фактот дека Уставот на Република Македонија е највисок правнополитички правен акт кој го изразува суверенитетот на една земја, јас ќе се обидам од тој аспект да кажам дали законот предложен од Владата на Република Македонија го надоградува правниот систем и се држи во рамките на Уставот на Република Македонија.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија се креираат институциите и односите на политичкиот систем на нашето општество со кои оправдано ќе се легитимираме како демократско и граѓанско општество, во кои провејуваат две методолошки премиси. Едната е референтните уставни решенија и практиката на демократските држави кои секогаш се анализираат заедно, а другата е работата, политичката традиција и колективното памтење на просторот на кој постои македонската држава. Луѓето кои треба да ги исполнат тие содржини, тие граѓански регули кои ги содржи Уставот на Република Македонија, со еден збор нивната идеологија. Во биномот на заедничкото влијание на овие две линии потребно е да се пронајде мерка, секогаш секој проблем е проблем на мерка, на создавањето на релативно хармонична политичка структура која би функционирала незаборавајќи ги претходно сите начела кои се основа во градењето на уставниот систем на Република Македонија а тоа се

- заштитата на правата на човекот и
- ефикасната демократска правна држава.

III/2.-

Тргнувајќи од самата концепциска на Уставот каде ги инаугурира слободата и еднаквоста на граѓаните на нив се воспоставува таканаречениот народен суверенитет. Политички израз на народниот суверенитет или суверенитетот на граѓаните се институциите на државата, односно вршењето на власта. Во оваа смисла Уставот на Република Македонија ги елаборира и развива сите класични и модерни модели, т.е. на државата. Републиката се легитимира како демократска и социјална држава,т.е. на државата што е воспоставена од општеството и му служи на општеството. Начелата на трајната поделба на власта на таканаречена законодавна, извршна и судска власт на парламентарната демократија, владеењето на правото што е основен облик на политичкиот систем на земјата, на човековите слободи и права вклучувајќи ги и оние, јас кои ги нарекувам третата генерација, а тоа се малцинските, еколошките, развојните, синдикалните и тн. права.

Бидејќи суштинско својство на граѓанинот и човекот е и неговата национална припадност и определеност, ова својство се јавува и како квалитатив на Република Македонија како суверена и самостојна држава. Имено, уште во преамбулата на Уставот Македонија се определува како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и сожителство на македонскиот народ со албанците, турците, власите, ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија. Меѓутоа, силно треба да се каже дека категориите на националното и граѓанското во пристапот и концепцијата на Уставот не се ниту конкурент- ни ниту спротивни, ниту хиерархиски. Тие се историски, социјални и реални факти што Уставот ги констатира во смисла на нагласувањето на карактерот на државноста и историскиот континуитет на македонската држава и кои не влијаат никако врз еднаквоста на граѓаните, врз нивните права и слободи. Идентитетот и

правата на групата граѓани кои произлегуваат од својството на нивната националност, т.е. малцинска припадност се исто така факт и се уредуваат сосема во смисла на меѓународните норми, на историското заедништво на македонскиот народ со националностите што живеат во Македонија и еднаквоста на граѓаните.

Имено, граѓанската структура која е во суштина на вкупното наше општество и политичко движење е конципирано со Уставот на Република Македонија и не трпи никакви колективистички доминантни субјекти. Од таму принципиелниот излез од нив без оглед на нивната провиниенција е во моделот на современата граѓанска демократска правна држава во чии основи како носител на суверeноста е народот како демос а непосредниот актер е граѓанинот со сите негови слободи и права на дејствување, здружување, влијание, посредно и непосредно во вршењето на власта.

Уставот особено внимание им посветува и на основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Притоа тие права и слободи се дефинирани прецизно и категорички за да се отстрани можноста од различни толкувања и делегирања со законите и подзаконските акти кои што треба да се донесуваат. Широката опфатеност на нормите од оваа област ја сочинува неговата основна карактеристика и на Уставот му дава посебна вредност. Во него се инкорпорирани сите значајни меѓународни акти како што се: почнувајќи од универзалната декларација за човековите права, па завршувајќи со низа конвенции кои се однесуваат на заштита на човековите права и слободи

Посебно сакам да истакнам што вчера беше кажано дека со до крај ништо не е решено.

Поаѓајќи од грчката номотехника номус дека лекс аетерна е перпето е дека само природните појави се вечните закони кои важат,

но тоа не може да се протолкува дека во Република Македонија системот треба да остане отворен и некоегзистентен. Баш обратно. За секое прашање во Република Македонија системот треба да биде затворен и поегзистентен. И од тука јас ја осеќам потребата дека овој закон треба да се донесе.

Поаѓајќи од Волтеровата дефиниција дека слободен е оној човек кој не зависи од никој друг, туку само од законите, се враќаме на законитоста и почитувањето на законите. Владата оправдано го предлага законот за ова прашање да не биде правен резерват во Република Македонија, да остане неречено прашање. Поаѓајќи од зафатнината, од аргументот дали законскиот проект дефакто ги содржи уставните определби на членот 48 став 4, јас објективно ќе кажам дека самиот законски проект иако решава едно прашање тој во сушти- на го решава, согласно на Уставот член 48 став 4 каде за потребата за операционализација на таа одредба дава можност Уставот да не би де обична декларација, туку да биде вистински нормативен акт кој ќе произведува правни дејствија. Од тука решението во агрегатот на зафаќањето на материјата во Уставот, законот ги погодил границите на урамнотеженост на законот кој го предлага и Уставот.

Од тука сметам дека предложениот закон има уставна поткрепа и дека Собранието на Република Македонија таквиот закон треба да го гледа, да го донесе и да не дозволи за ова прашање да има ме различни толкувања, да се вадат разни дефиниции дека во Република Македонија постои тој правен резерват на нерешени прашања.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувам пратеници. Со оглед на актуелноста на законот кој денес е на дневен ред, би сакал и јас да дадам свој придонес.

III/5.-

Веднаш да кажам дека и јас нема да го поддржам овој закон од проста и едноставна причина затоа што со овој закон не се решаваат, согласно проблемот на високото образование на албанците во Македонија. Не во смисла дека се што е парцијално не е вред- но, туку во смисла на тоа дека ако нешто парцијално се решава може глобалното да го остави, да го маргинализира, да го одложи, а тоа само по себе никако не значи дека одложениот проблем значи е решен проблем. Напротив одлагањето на проблемот во многу случаи и по обичај значи мултиплицирање на проблемот и тој проблем сам по себе никогаш нема да се реши.

Некој овде се обиде да каже дека со овој закон ние правиме историски чекор дека правиме голем чекор, но јас длабоко сум, убеден дека ова нешто не стои, од проста и едноставна причина, затоа што и самиот министер овде изнесе дека уште пред 30 години во Македонија, во Скопје постоеше Виша педагошка академија и тоа за сите групи. А, друг степен на решавање на проблемот на високото образование во Македонија за албанците беше Приштинскиот универзитет кој во тогашна Југославија во некоја мера ги задоволуваше потребите на образование на албанците во Македонија. И што денес? Одлагањето на овој проблем по мое длабоко убедување ќе има далекосежни последици и тоа во многу сегменти, почнувајќи од политичкиот сегмент кој што значи дека во Македонија, односно кај албанците во Македонија и понатаму нема да се создаде таа критична ма- са на луѓе што ќе знаат политичките и натрупаните проблеми да ги решаваат по методи на дијалог, толеранција и во временска дистанца. Тоа значи дека и понатаму кај албанците ќе постои огромна маса луѓе необразовани или полуобразовани кои што, познато е дека нивното политичко убедување, нивното размислување политичко секогаш е во стилот "црно бело", методите секогаш се радикални, револуцнонери, секогаш можат и имаат афинитет да гајат

култови кои што култови ќе ги водат во некое до истребување. Токму од овие причини јас мислам дека ќе мора ние како држава во перспектива да размислиме, да создадеме една критична маса на интелектуалци албанци кои ќе бидат во можност тоа убедување и тој начин на размислување да го сменат. Ако на сето ова не му веруваме, треба да и веруваме на блиската иднина.

Сите ние бевме сведоци на постоење на една Југославија со огромни разлики на развиток и тоа најекстремните случаи Словенија и Косово неслучајно беа првите иницијатори на сепарација од таа Југославија. Гледам овде дека многу луѓе со носталгија се сеќаваат на таа добра Југославија. Како можеше со толку огромни разлики да постои 50 години? Никогаш не размислуваме дека таа Југославија со тие разлики опстојување толку долго време само заради тоа што во тоа време владееја други закони. За таа Југославија за да опстои така беа вложени 189 милијарди долари, беше создадена војска една од најголемите во Европа, беше создадена полиција една од најјаките во Европа, беше создаден еден"Голи оток", беа создадени и многу многу други, за да може да одржи една таква нереална ситуација.

За да не ни се повтори таквата историја времето денес ни е перспективно да размислиме дали и понатаму ќе создадеме и ќе очувуваме таква критична маса, но тоа ќе го сочуваме, како што тоа го направивме оваа година кога го донесовме Буџетот. Донесовме Буџет во кој за земјоделието ние го скративме скоро на пола. Истото се случуваше и во Министерството за сообраќај и врски, но не чепнавме кај Министерството за внатрешни работи и војската, затоа што сметаме дека тие и понатаму ќе ни бидат потребни токму од овие разлики кои што постојат. А,се знае, што произведува полицијата.

Полицијата и војската секогаш произведуваат репресија. Секогаш се антитеза на демократијата, додека другото, кога тие пари би се вложиле во образованието тогаш ќе имаме благосостојба, ќе имаме демократија и не ќе има потреба од така огромен апарат на депресија.

Често пати овде на говорницата сакаа некои луѓе да не убедуваат дека интеграцијата на албанците и македонците би можело и би требало да се изведе со една друга метода. Метода која веќе неколку години овде во Македонија се испробуваше. Таа метода, таканаречени мешовити паралелки доведе до ситуација да во Македонија само 8% од завршените осмоодделенци го продолжуваат образованието. И што произведе? Произведе нетрпение, произведе тензија, произведе тенденции на сепарации и слично. А, денеска кога се прават првите чекори на решавање на проблемот на средното образование цифрите покажуваат нешто сосема друго.

Денес успеаа тие албанци, кои само пред некоја година продолжуваа во средното образование 8% за да достигнат и до 48 и до 50%, што и оваа бројка не е за некоја пофалба, но во секој случај тоа е доказ дека овој начин на решавање на проблемот е многу подобар отколку тој со мешовити паралелки. Често овде се прашуваат некои, кои што се сметаат за компетентни да толкуваат Устав било уставно, било неуставно учењето, односно високото образование на албански јазик. Јас не се осеќам за компетентен да давам такво толкување, но често еден запис во еден весник ме наведува да размислувам - каде е границата на она што е службено, а што не е службено во едно високо образование. Дали приватниот разговор со господин Џеладин Мурати за одреден научен проблем, во одредена просторија значи и службеност? Дали ако тој разговор за одреден научен проблем се содржи во група дали и тоа значи службеност. Сосема е друга работа кога тој разговор ќе треба да се квантифицира, ќе треба да се даде некоја оценка, за тоа да

III/8.-

постои некој доказ. Тогаш јас мислам дека постои и може да се кажува за службено, ако треба.

Друга работа на која сакам да укажам. Каде е моралната димензија? Јас ќе морам да кажам овде дека ми се повторува,односно се остварува една лоша моја прогноза од 1981 година кога бев сеуште студент. Во еден многу близок разговор со еден мој колега на прашањето што се случува денеска во Косово - кога избија демонстрациите, јас му одговорив дека не знам. Тој ми рече дека не е вистина да не знам. Таму нешто се случува. Не е тоа група студенти, не е тоа група луѓе, таму нешто повеќе се случува. Вели, ме интересира тоа зошто јас секојдневно контактирав со мои колеги студенти кои велат дека од прилика би го решиле проблемот со албанците тогашни во Југославија и во Македонија со товарање во еден воз и носење во Албанија. Јас тогаш од прилика вака реков: "не е опасно тоа што се случува во Косово, најопасно е тоа што интелектуалците студенти, денеска студенти идат со убедување за едно вакво круцијално прашање го решаваат со товарање на албанците и носењето од другата страна на границата." Што ќе се случи кога овие денешни студенти ќе бидат утре на власт? Со такво убедување кога ќе владеат? Со такво убедување кога ќе отидат на позиции. Ете тоа се случува - јас и мојата генерација денеска сме на власт, на позиција во универзитет. На жалост се покажа дека такви те убедувања и понатаму, и ден денес кај многу од нив останале. Најновите истражувања дадени во Нова Македонија даваат една сосема црна слика. Во едно, од некоја институција испитување на средношколците на прашањето која е нацијата која најмногу ја мрзите во Македонија, дури 48% од македонците велат дека се тоа албанците.

**РИЗВАН СУЛБЈМАНИ**: (Продолжение)

За да немаме вакви и слични проблеми јас мислам дека проблемот на високото образование еднаш навистина треба да се постави на дневен ред и дали и понатаму ќе останеме пасивни гледачи на с€ што ни се случува. Мислам дека еднаш конечно треба да се стави на дневен ред и да размислиме за ова дали ќе се зафатиме со решавањето на високото образование, албанците се определија за една алтернатива, повелете поставете друга, можеби таа ќе биде подобра, повелете да разговараме. Но еднаш мора да се постави на дневен ред прашањето на високото образование на албански јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Игнатие Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, госпоѓо министер, господа министри.

Еве два дена го елаборираме прашањето на Предлог законот за јазиците на Педагошкиот факултет. Морам да кажам дека малку ќе дискутирам во друга насока и елаборација во оваа состојба во еден период во кој, ако се сеќавате и во претходниот состав на Парламентото беше зачнато ова прашање. Тоа е уште за времето на претходниот ректор на Универзитетот . Ова прашање во тој момент побуди едно внимание, но истовремено легна да се заборави затоа што на некој начин тоа беше ерес во тоа време. Денеска ова прашање е актуелно и можеби ако во тоа време се донесеше овој закон многу работи од делот на школувањето на јазиците на народностите во Република Македонија

ќе беа на некој начин детерминирани. Во меѓувреме потоа се појави така наречениот тетовски односно универзитетот во Мала Речица со што фактички многу работи се усложнија и ние денеска воглавно во една скриена форма се надмудруваме во Собранието, а и нашиот народ е исполитизиран до крајни граници затоа често пати, бидејќи не е информиран за суштината на овој закон и дека екстремните кругови од едната или од другата страна му даваат ваква или онаква димензија од своите позиции.

Морам да кажам дека јас ќе гласам за овој закон од причини што сметам дека е тоа природно право на едукација на албнците на албански јазик во делот на Педагошката академија односно сега Педагошкиот факултет во основното образование. Зошто тоа го велам дека е природно, дека на нај адекватен начин младата популација треба да се едуцира на својот мајчин јазик. Ова прашање би го елаборирал како генотипски, нешто вродено , нешто што треба така да биде.

Вториот елемент од овој Педагошки факултет ќе излезе кадар од кој сакале или не ќе се црпи кадар за едукација и во средното образование на албанските паралелки. Ова прашање би го нарекол фенотипски од биолошки аспект затоа што тоа е право кое ќе се стекнува и ќе биде право на избор затоа што и учениците и наставниците можеби ќе бираат на кој јазик и како ќе можат одредена наставна содржина да ја искажат. Мислам дека тука отворено сите знаеме низ разни форми се завршува: делот на природните права во едукацијата на образованието во високото образование на Универзитетот. Зошто тоа го велам така и го размислувам така?

Прво, денеска ќе се допрам и на Педагошкиот факултет, ќе се допрам и до Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", но и на така наречениот универзитет во Тетово. По моите опции спаѓам во групата на

повеќе комуникативен, хомокомуниканс, но истовремено сметам дека имам и некоја повисока космополитска линија на гледање на работите.

Денеска ние во т.н тетовски универзитет имаме само вербални факултети, факултети кои објективно не бараат едукација на наставен кадар односно се решава примарно прашањето на наставниците кои ја изгубиле позицијата на Приштинскиот универзитет и денеска имаме факултети во Тетово. Младата популација кога ќе дојде во наши години кога ќе се судри со животните проблеми кои носат проблем, не е суштината денеска екс-катедра или вербални факултети или факултетот за ликовна уметност таму, тој не носи продуктивност во македонската држава, тој не може да донесе поголеми вредности . Ако ги лимитираме, условно да кажам, дека ќе завршат генерации условно 50 правници во државата, 50 економисти, се поставува прашање каде ќе работат.

Прва фаза можеби по системот на локалната самоуправа ќе ги истуркаат сегашните правници било да се тоа од било која друга популација.

Втората фаза ќе настане борба помеѓу нив, но овој систем не може да апсорбира таква едукативна популација во државата. Со тоа ќе се завршат сегашните политички опции дека воглавно, јас тоа слободно ќе го кажам, дека правните факултети, па и економските факултети на извесен начин продуцираат политичари кои бараат место во политичкиот систем на државата, но тие места се повеќе ќе бидат лимитирани Можеби и од тој аспект младата генерација сака да влезе во политиката затоа што во денешно време изгледа најлесно низ млад кадар популистички да се влезе во некоја политичка партија која ќе нуди решение за вработување или некој подобар стандард на живеење. Оваа позиција со тек на време ќе се изгуби и дека само продуктивни, умствени

и интелектуални јаки луѓе ќе можат да обезбедат едно ниво. Морам да Ви кажам дека на Стоматолошкиот факултет имаме многу позитивен став во однос на уписот на стоматолозите и дека за последните 30 години имаме запишано 38 албанци кои посетуваат настава на Стоматолошкиот факултет. Морам да кажам дека се тоа солидни студенти , но дека исто така сме имале специјализанти кои бараат магистериум во скриена форма дека сепак треба да се отвори паралелка на стоматолошки факултет во Тетово. Имињата можам да ги кажам, но истовремено водам комуникација со тие луѓе, често пати се шалам и зборувам затоа што вистински има една потсвест дека и таму некогаш ќе дојде до формирање на некој факултет и дека тоа е местото за идниот професор, магистер во струката Ова нешто во крајниот биланс ќе води денеска ние, а и во перспектива јазикот во високото образование нема да има значење до толку што младите генерации што ќе дојдат по нас за нив ова прашање ќе биде на некој начин неадекватно и недобро.

Во една прилика реков дека на пазарот на знаењата денес- ка ќе го дополнам на пазарот на науката, на пазарот на технолошкиот развој Македонија има Универзитет кој минатата година или оваа година слави 50-ет години од постоењето. Ние се наоѓаме сепак на опашката на светските збиднувања на технолошкиот, научниот и научниот развој. Немаме денеска врвна технологија во стопанството, ако добиеме некоја помош од некоја врвна, но сепак постара генерација во делот од здравството ние денеска во краен биланс не знаеме да работиме со неа затоа што во тоа време учевме сосема други јазици како странски јазици. Вистината, вредностите ќе бидат на прикладните светски јазици кои ќе можат да се чувствуваат во средината, а нашата генерација и популација да биде ефектна во смисла да може да се компарира спрема надвор.

а не овде да се компарираме од Тетово до Прешево кој е од нас по умен и по учен додека во светски размери сепак еве јас сум подолги години професор, па кога ќе стигнам во светските вредности се чувствувам исуфициентно со некоја млада популација, генерации во светот затоа што ние немавме можност или подолго време нема да го имаме тоа, што го има светот. Овој елемент ќе биде проблематичен.

Ако се допрев до факултетите односно така наречениот универзитет во Тетово сакам да кажам и неколку збор аза Педагошкиот факултет. Педагошкиот факултет можеби и делмумно се појави како некој паралелен, но во секој случај во повисока форма на едукација на студенти на македонските паралелеки со цел да се добие поголема визија и поголем научен и стручен придонес, но истовремено прераснувајќи на Педагошкиот факултет односно паралелски на другите јазици. Истовремено, тој се појави како партнер на Филозофскиот факултет затоа што повеќе наставни дисциплини, по информациите со кои јас располагам, се подудараат или некој ќе ги презема во некоја форма паралелно развивајќи и создавајќи кадар кој ќе биде еден со друг инкомпатибилен во делот на образованието кое доаѓа. Ќе имаме одредено надмудрување затоа што дел од предметите се и на Филозофскиот факултет.

Ако реков дека така наречениот тетовски универзитет го разрешуваше прашањето на вработување на кадри кои дојдоа од Косово делумно може да се рече дека и нашиот Педагошки факултет денеска служи за разрешување на одредени кадри и од македонска популација за да зафатат позиција на Педагошкиот факултет. Познато Ви е дека начинот на изборот на матичната комисија, формирањето и прифаќањето на наставниците и изборот на деканот и ден денеска виси во воздух се под критериум на така наречен слободен универзитет, автономија на универзитетот дека никој нема право да му се меша во неговите ингеренции ,но државата е таа што мора само да дава пари, а

автономијата внатре да биде кој како сака и што сака.

Ако веќе се допрев до Универзитетот, Универзитетот слави 50-ет години од своето постоење. Слободно од оваа говорница и во друга прилика кажав дека можеби денеска поради слабата материјална основа на Универзитетот, слабата материјална основа на стопанството од каде во глобала се црпат парите, слабата технологија во едукацијата која ги подготвува, но истовремено на мала врата влегувајќи универзитетот денеска се наоѓа на една од најдолните лествици од своето постоеше. Зошто тоа го велам така? Бев во два мандати од кои од вториот доброволно се откажав од член на универзитетскиот Сенат затоа што тоа таму што го видов и сите манипулации што се случуваа и се она што го подели универзитетското јавно мнение во кое аспирации во името на не политика сепак тие што велеа дека други креираат политика и внесуваат во универзитетот на мала врата влезе сосема друга политика.

Денеска универзитетот и универзитетскиот Сенат, а јас имам свое мислење за универзитетскиот Сенат и начинот на изборот на сенаторите што беше и околу изборот и се она што стана на Универзитетот, Универзитетот се наоѓа на опашката на збиднувањата на состојбите во државата . Токму по ова прашаше можеме да го елаборираме тоа. Што значи тоа парцијално решение?

Морам да кажам дека ако универзитетскиот сенат и управат. на Универзитетот, а некои велат дека сегашното раководство на Универзитетот во 80-тите години направи голем продор во македонската едукација или позитивни промени кои беа, други велат дека направија големи штети во македонското образование, бидејќи денеска Универзитетот го водат бившиот министер за образование и бившиот министер за наука во тоа време. не може така искусни политичари,

морам да кажам, иако се универзитетски наставници да го немаат своето мислење туку велат дека решението ќе се бара во позицијата кога ќе се решава глобално прашањето со законот за универзитетот. Дел од овие луѓе кои во себе носат политичка импликација, а и пошироко се матат дека ова ќе може да се рече на такво начин што кога ќе дојде законот за Универзитетот тој нема да помине во Собранието на јазиците. Албанскиот фактор, албанската популација исто не е за тоа затоа што вели дека овој закон сега што доаѓа тоа е фактички врвот на едукативните права на албанците во делот на високото образование, по светските критериуми. Овие две екстремности носат еден антагонизам во државата. Ако не се донесе законот ќе вивне друга форма, други облици на образование, со тоа ќе се дојде до конфронтација. Ние сите сме возрасни, меѓутоа, од минатото и од блиското минато видовме кои водеа војни на просторите на бившиот ЈУ Простор. Тие што ги донесуваа и заговараа тие решенија останаа здрави во некои резервати само го насочуваа обичниот фактор кој го исполитизира до крајни граници.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:** (Продолжение)

И сигурно јас со моите албански пријатели нема да се расправам и да;рс0 тепам со професорот Пруси, туку ќе седнеме да разговараме и ќе се убедуваме, па ќе дојдеме до некое решение,затоа што тоа што ќе го решиме денеска не значи дека тоа е дефинитивно, дека времето ќе покаже дека сме трошеле многу време и интелектуални сили за кои што утрешниот ден би ги направил тие релевантни проблеми.

Од тој аспект, ние мораме и треба да имаме слух во ова време дека императив е потребата од донесувањето на овој закон и во таа консталација јас ќе гласам за овој закон, затоа што сметам дека е ова чекор напред со светските критериуми, дека морам да кажам дека еден број од албанските интелектуалци своите деца ги школуваат сепак, како што рече некој на елитистичките факултети, или на факултетите кои што се од македонски наставен јазик и дека ние сите за своите деца и генерации сме заинтересирани, не да добијат знаење на овој простор, туку ако може во ова време да добијат светски критериуми на знаење да можат да развијат до максимум вредности кои што ќе не надминат, а во извесна смисла апсолутно ќе можат да ги обезбедат и критериумите на развој на државата,а сметајте дека после две три генерации нема да биде проблем јазикот и манипулацијата со обичниот човек, дека тоа зависи од неговиот јазик што треба да се едуцира во високото образование, перспективата на неговиот развој, туку вредностите, квалитетите, економијата и паметот ќе доминираат на овој простор

Еве тоа се моите видува&а, морам да кажам дека овие се мои лични ставови, не базираат на некоја партиска определба, но елаборнрани кои што јас така ги замислив. Можда можеби некаде останав недообјаснет, но стојам на располагање во вид на реплика да дообјаснам.

**РАМИ ТУДА:**

Господине потпретседателе, дами и господа денес претставникот на Владата нуди предлог за донесување на закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет, со Предлог на закон. Предлогот е овој пат нуди еден бисер под наводници со кој се мисли дека 1се го покрива барањето за решавање на проблемот на високото образование на албански јазик. И со овој предлог се ограничуваат правата на албанците во областа на високото образование за припремање на кадри на свој мајчин јазик. Член 48 од Уставот не ги ограничува правата на националностите, како што го ограничува предлогот. Во>Предлогот се вели: цитирам "оттука произлегува и потребата од донесување на закон со кој ќе се создадат нормативни правни претпоставки за организирање и изведување на настава на јазиците на националностите на постојниот Педагошки факултет во Скопје, кој едуцира воспитувачки и наставнички кадар за работа во претшколските установи и за одделенска настава во основното образование" завршен цитат. Ние и вчера и денеска зборуваме, дискутираме, за Педагошкиот факултет. Јас сега се убедив и сега дознав дека и овој Педагошки факултет односно би рекол не Педагошки факултет на албански јазик туку паралелки при Педагошкиот факултет на македонски јазик при факултетот. Меѓутоа, сега дознаваме дека и тие паралелки, односно Педагошкиот факултет значи е илегален, значи излегува дека како што претходните дискутанти го велат таканаречениот Тетовски универзитет сега и овие паралелки се така наречени, значи не постои закон и за тие паралелки. Значи не претставува некој факултет на албански јазик.

Се поставува прашањето од каде наставнички кадар за 4,41, VII и VIII одделение и од каде наставнички кадар за средните училишта на албански јазик и за другите научни, културни и други институции во другите области на животот и така натаму.

V/3

Со ваков предлог не се решава проблемот на образованието на албанците во Македонија. Напротив, предлогот создава основа и правна претпоставка за ограничување на правото за припремање на кадри на албански јазик. Со тоа се претендира да се исклучи можноста на постоење на високите образовни и други институции кои припрамаат кадри за предметна настава во основно училиште и професори за средните училишта.

Поаѓајќи од горенаведеното, а читајќи ги и начелата врз кои се засновува законот, а тие се три начела, прво начелото е демократичноста на образованието, како второ е достапноста за секого и под еднакви услови и трето обезбедување на квалитет во образованието. По мое мислење овие начела на кои не се придржува предлогот, тие звучат парадоксално и како празна фраза. Ние бараме да се создаде правна претпоставка за институционализирање на Тетовскиот универзитет и тој да функционира во склоп на системот на високата образовна дејност на Македонија и тоа значи нормално да функционира, респектирајќи ги наставните планови и програми на Министерството за образование и физичка култура на Македонија, всушност, Тетовскиот универзитет еве три години функционира, а Македонија сепак е жива.

Овој предлог не доаѓа како резултат на желбата на албанскиот народ, туку е дојден по желба на предлагачот. А тоа што нуди е "прашина на очи", предлагачот како да дели милост за да се оправда пред меѓународниот фактот дека нашол решение за високото образование на албански јазик. И овој рестриктивен закон претставува уште една политичка игра и како таков за албанскиот народ е и релевантен. Со предлогот намерата е да се чува статус кво на високото образование на Универзитетот во Скопје и пошироко.

V/4

Некои демократијата ја сфаќаат само како на ограничено поле како слобода, како слобода право и привилегија за себе и за својот народ. А се друго ја руши државата Македонија. Македонија е една мини Југославија. Меѓутоа на неа не и доликува да оди по трагите на Бивша Југославија, затоа што не сакаме да има таква судбина. Од 1965 година до 1987 година ние имавме една Педагошка академија која монизмот го укина со еден политички став изгледа нешто слично ни се поклонува и сега. Затоа денес <• политичката фразеологија не е прифатлива. Албанците го барат својот дел од"погачата". Увото на Владата на претставниците на Владата, па и овој Парламент треба да се отвори за да го слушне гласот на Албанците во Македонија. Сведоци сме на фактот дека што повеќе Македонија се признава од меѓународните организми и се легитимира од меѓународниот фактор, се помалку покажува интерес за решавање на меѓунационалните проблеми и односи. Така да, не ги почитува меѓународните конвенции кој ги потпишува, а што се однесува за законите прави таква негативна селекција и зема такви модели кои што за нас се неприфатливи. Игнорирање на уставните и законските права на албанците резултира од тоа што Македонија се смета како држава само на Македонците, само за нивните национални интереси и нивните интереси. Додека другите ги третира како кирации во своите куќи.

Се добива впечаток дека оваа држава бара само образовани македонци, а не и образовани граѓани. А од тоа произлегува и фактот дека не можат подеднакво да се интегрираат во нашето целокупно општество. Мислам дека во консензуална демократија треба да се создаваат услови за индивидуата, а да не е еден привилегиран, или пак другиот хендикепиран, поради тоа што припаѓа на една или друга националност. Македонија како мултиетничка, мултикултурна, мултијазнчна, мултиконфесионална, не може да биде демократична, без

реализирање на правата на Албанците во сите области, а посебно во областа на образованието кое треба да се застапува од претшколска возраст до универзитетско образование. Ние чувствуваме посебно задоволство кога читаме дека во составот на двата универзитета во Скопје и во Битола функционираат 32 високи и образовани институции. 25 факултети со 110 насоки. Две институции за интередисциплинарни студии, пет виши школи со преку 30 илјади студенти и друго. И кога се дискутира за предлогот не можеме да бидеме индиферентни. Ние постојано повторуваме дека реалните потреби на образованието на албански јазик може да го задоволува Тетовскиот универзитет, а не тоа што нуди предлогот. Вчера па и денес, имавме прилика да слушаме и предавања, дискусии, екстремни фрази, филозофски фразеологии, со кои им се дава поддршка на протестите од страна на студентите македонци за поддршка на Сенатот на Универзитетот. Сенатот и тие што ги поддржуваат ставовите на Сенатот, по мое мислење паднаа на испитот на демократијата. Да не кажам дека тие ставови, како и паролите, како што е паролата"или ние или тие", тие се. не само антиалбански, туку се и расистички. Јас не ги обвинувам студентите. Туку одговорни се менторите кои ги припремиле и паролите: "Панта реи, но јазикот не"."Без експериментирање во образование" и тн.

Предлогот е поврзан и со ставовите на Универзитетскиот сена1 како впрочем да се за глобално решение за интегрално регулираше, односно нерегулирање на високото образование на јазиците на националностите. И на такво барање како глобално решение, или интегрално решение всушност тоа не значи дека се бара некое решение. Напротив, се бара да не се решава овој проблем. Тие не се ставови, како што се ставовите на Сенатот. Тие всушност се срамотата на Сенатот и на 460 потписници професори на Скопскиот универзитет.

V/6

Во точка 3 на ставот на Сенатот се бара непречено функционирање на Универзитетот. Тоа навистина малку чудно звучи. Чудно барање. Дали некој албанец или припадник на било која друга националност пречи во функционирањето на Свети Кирил и Методиј? Дали некој го ризикува Универзитетот во Скопје или во Битола. Некои дискусии беа крајно цинични и се базираат на идејата: "што важи за мене, не важи за тебе"."Мојот јазик е свето нешто, а твојот е само за домашна употреба". Отворено смеам вака да кажам дека во таквите ставови се кријат"црни намери". Во својата ризница: "секој народ или народност има нешто свето, секој народ си ги има своите пантеоми, ги има своите храмови, би рекол на македонски, за нас албанците покрај другото свет е јазикот, свет е и Тетовскиот универзитет".

Пред да се стави пред собраниска процедура ние сме сведоци дека се одвиваше една претпроцедурална би рекол кампања која претходеше од страна на професорите, студентите и на крајот и на ставовите на Сентот, како што реков на Универзитетот "Свети Кирил и Методи", кој што самите професори тие всушност се инспиратори и би рекол можеби се инспирирани од некогашниот фамозен меморандум на српските академци на диктаторот Слобо.

Јас слушнав овде дека се драматизира овој проблем. Се согласувам со тоа дека се драматизира. И со право се драматизира. Затоа што стварноста е драматична. И кога веќе стварноста е таква драматична значи наместо е да се драматизира.

VI/1/CJ/лј

**РАМИ ТУДА**: (продолжение)

Меѓутоа, имаме прилика овде да слушаме и такви дискусии кои што не треба да имаат овде место. Некои колеги дискутираат не во улога на пратеник овде, туку дискутираат како да се тие службеници односно инспектори на Министерството за внатрешни работи и даваат некои дијагнози, даваат некои информации, даваат некои свои забелешки, даваат некои свои сознанија, јас не знам од каде ги црпеле тие сознанијаа за тетовскиот универзитет, за професорите на тетовскиот универзитет, јас не знам.

На крај јас би рекол дека апелирам да не донесуваме закон со надгласување бидејќи законот на појакиот е најголемиот незакон. Нашата парламентарна група ќе биде против предлогот.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани колеги, колешки, сигурно не се случило досега да се предложи некој закон како што е овој за Педагошкиот факултет односно за употребата на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет каде се унапредува едно право за употреба на албанскиот јазик да се оспорува од самите пратеници албанци. Но, истовремено сигурно немало закон кој се оспорувал и од македонската интелигенција и од македонската јавност за што се донесува еден таков закон на албанците да им се овозможи односно да им се даде право тие да учат, да студираа на Педагошкиот факултет на својот мајчин јазик. Но, во секој случај, околу ова критично прашање, мислам на употребата на јазикот на националностите во конкретниот случај на албанскиот јазик во високообразовните институции се јавуваат сопки, има и пречки. Тоа се евидентни и законот што е на дневен ред е фрагматичен и тој

претпоставува, според мене, еден мал чекор за Педагошкиот факултет, но голем чекор за албанскиот јазик на Универзитетот.

Оттука ова прашање со предизвик на редукционизам има, според мене, шанса за целосно универзитетско образование на албански јазик, но затоа се бара и време затоа што ова што се предлага сега не задоволува. Во овој контекст може да се каже слободно дека постои извесна линија на песимистички оптимизам во Законот за високото образование или сличен на овој или да се афирмира предлогот на закон што јас бев носител за употреба, за службена употреба на јазиците на националностите во РМ да се реши на задоволително ниво, употребата на јазиците на националностите и во тој контекст конкретно албанскиот јазик.

Самото прашање, т.е. со употребата на албанскиот јазик во образованието спаѓа во сферата на политичките работи, а нашите искажувања во сферата на политичката практика, да не кажам политичката реторика. Се разбира реториката на страна. Јазикот како конститутивен елемент на секој народ е и политичко, но и практично прашање. Тоа е основна вредност на еден народ. Во нашиот случај се работи и за едното и за другото. Политичко затоа што овој предлог на закон доби силни политички конотации, се исполитизира и ние треба да донесеме закон под притисок на студентите, на студентските протести, на потписи на универзитетски професори, на заклучоци на Сенатот, на закони итн. Ценам дека крајно исполитизиран, практичен затоа што решава едно прашање, но не навлегува во сите димензии на практично политичката а примена на Законот во државата. Уште на почетокот би нагласил дека во динамизирањето на демократските процеси се создава простор за суштинско поставување на статусот на албанскиот јазик во државните органи и во Универзитетското образование за натамошно унапредувам н афирмирање на овој јазик. Оттаму очекувам да престане

политичката реторика, а употребата на албанскиот јазик ќе претставува, ќе претставува, повторувам, основно мерило за демократскиот развој на Републиката.

Уставот секој на свој начин го толкуваме, но тој сигурно има само едно толкување. Јас мислам не забранува изведување на настава на високообразовните институции на јазикот на националностите. Во членот 48 став 4 само се гарантира настава на јазиците на националностите во основно и средно образование. Овој член според тоа прејудицира право на едуцирање и образование наставен кадар кој изведува настава на јазикот на националностите. НО, тоа е нормално бидејќи ако се гарантира дека има настава на албански јазик во предучилишно, осноно и средно образование автоматски се поставува прашањето од каде тој наставен кадар. Албанците немаат потреба само за воспитувачи и учители туку и за наставници и за професори и за научно стручни кадри и други профили од научно-техничките и технолошките области, производството, економско правниот систем итн. Затоа овој предлог на закон го сметам за тесен, сегментарен иницииран од актуелната состојба на Педагошкиот факултет.

Инаку,законот за високото образование за кој сите сме согласни дека е тој кој што треба да ги решава комплексно проблемите на високото образование, секако ќе го решава и ова прашање, но затоа кога ќе биде на дневен ред.

Јас немам негаторен став према законот кој промовира право на образование на мајчин јазик, но повторувам, овој не ги исполнува очекуваните барања во смисла високото образование без пречки да се остварува и на албански јазик.

Ние сме веќе навлезени во XXI -от век и оправдани се барањата за повисоки стандарди во образованието и тоа на мајчин јазик.

VI/4.-

Мојата визија во однос на иднината се потпира на три вредности елементи.

Прво, шансата секој да се развие, а тоа претпоставува и да се образува онака како што бара.

Второ, одговорноста на иднината.

Трето, рамноправноста во државата што е знак на распознавање на демократијата и демократските процеси.

Прашање дали е тоа така. Процесите кажуваат дека тоа не е. Не е од причина што многу морничаво и гнасно изгледаа улиците на Скопје низ кои неколку дена студентите македонци демонстрираа сила и моќ против своите колеги албанци за зашто тие бараат рамнопрвност, зашто бараат да учат заедно со нив во иста зграда и по исти програми, по исти критериуми само на свој мајчин јазик. Колку гнев се истури и отров се фрли, навистина беше лошо. Место студентите македонци да се залагаат за ширење на правата тие бараат редукција на истите третирајќи ги притоа своите колеги како граѓани од втор ред, како питачи на права, а самите како одредувачи на истите. Притоа, забораваат дека државата која е заедничка треба да води сериозна сметка за сите граѓани, за нивната национална рамноправност, за зачувување, заштита и унапредување на идентитетот на секој граѓанин. Во спротивно амбицијата нашата држава да стане цивилизирана и демократска повеќе национална заедница според Западно - европскиот терк потешко се остварува. Има пречки, сопки во тоа. Се прашувам ќе стане ли РМ демократска заедница кога 460 професори интелектуалци потпишаа петиција против употребата на албанскиот јазик.

Сите барања кои одат во прилог на рестрикции и ограничување на права и слободи може само да ја идентификуваат државата како ретро градна без слух и смисла за реалноста на животот и процесите кон се

во тек или кои треба да се случат. Општествената функција на мајчиниот јазик е комуникација меѓу луѓето, истовремено тоа е основна карактеристика на нацијата. Јас морам да истакнам дека вистинските интелектуалци поинаку гледаат на правото на образование на мајчин јазик. Јас се надевам дека тој број е поголем, дека тој број вистински размислува на оваа линија бидејќи уште многу порано Константин Миладинов истакна, секој народ може само на својот јазик побрзода се просвети. Мисла изнесена, многу далечна, но денеска доста оспорувана. Ова на некој начин денеска изгледа чудо. Зашто? ова е несватливо, а треба да знаеме дека мајчиниот јазик е основа за интеграција и развој на културниот и образовниот развој на еден народ. Тоа е основа за цивилизација на човекот и интеграција во државата. Оттука јазична политика мора да се води и тоа со законска регулатива. Поинаку тешко оди. Не треба да се плашиме од широки права. и слободи. Ограничувањето на правото создава илустрации, нетолеранција раздор, нестабилност и слично, а стеснувањето на правата, револт, поделби, несигурност, нелојалност. А, ние сите сме за нешто друго.

И, во тој контекст проблемот на образованието на мајчин јазик на албанците не е од вчера, беше повеќепати истакнато. Тие се плод на повеќе годишна несоодветна образовна и јазична политика поради кои причини и зашто тоа беше така јас немам намера да дискутирам, тоа ќе биде сигурно предмет на историјата на развојот на школството и образованието во РМ, кое ќе дава свој вредносен систем.

Да се едуцира и образува на свој мајчин јазик е важна вредност на демократијата. И јас верувам дека нашето време императивно налага образованието на мајчин јазик на албанците да не биде пониско од факултетското т.е. високото образование да се одвива, да се остварува да се реализира, и на овој јазик. Ако образованието во моментов е еден тунел од кое не се гледа светло пред македонската интелегенција која е

мошне бројна, напредна, научната и политичката структура како и од сите нас се поставува задача да бараме излез од тој тунел, но крајно демократски и одговорно создавајќи шанса притоа тој излез да биде побезболен, политички оправдан, демократски респектиран. Во спротивно се случува народот, се случуваат студентите се случуваат професорите, се случува Сенатот, заклучоци итн.

Употребата на албанскиот јазик во високообразовните институции како што е и употребата во основното и средното образование не значи албанизација на образованието и тоа не значи пропаст на Македонија, тоа е позитивно однесување кое треба а се прифати од целокупната македонска јавност. Напротив насилното исфрлување на јазикот од образовниот процес на ниво на универзитет значи и спротивставување на краткорочниот и долгорочниот аспект на општественото живеење, на парцијалниот и генералниот интерес на. Републиката.

Во тој контекст треба да ги гледаме и предлозите на законите и промените во законите за образование, за жал спротивно, само се продлабочува кризата на односите. Оттука револтот, гневот од страна на студентските барања против своите колеги албанциза да учат на мајчин јазик се амбиции без покритие. Тие наместо преку динамичниот живот динамичните политички односи и со една поголема елеганција за политички напредок на односите што е својствено на младата интелигенција го рушат тоа што тешко и со години се прави. Да се надевам дека студентите се жртви на политичките манипулации. Јас имам верба во нив дека тие ќе ги поддржуваат сите барања на албанците, да се образуваат и да се школуваат заедно со нив. Студентите, впрочем и сите добронамерни политичари ја знаат латинската изрека дека најсилна е онаа држава каде нејзините граѓани се среќни. А, среќни ќе бидат ако се рамноправни, ако се сложни, ако се ангажираат за напредок и развој на односите меѓусебни и во државата. Нормално секој албанец ќе се

распрашува и во својата свест ќе мисли дали тие се вишок на оваа држава кога им е спречено да го употребуваат мајчиниот јазик.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (Продолжение)

Тоа не треба да се случува со нас. Оваа линија на мисла создава и води кон нешто друго. Но, со оглед дека ние градиме заедничка држава, па ако не мора да се сакаме, мора да се толерираме, мора да се почитуваме, да соработуваме. Да бидеме искрени во градењето на заедништвото, на сожителството, да се почитуваме како луѓе, да се помагаме меѓу себе итн. Тогаш треба респект и почит на барањата што се поставуваат во едно конкретно време.

Мене ми причини големо задоволство кога пропитав некои пароли на студените што видно укажуваат на потребата да се унапредува образованието, тоа да се направи со стандарди, со светски и европски стандарди. Впрочем, ние никој и ништо не бараме освен остварување на тие стандарди. Никој од нас не бара ништо повеќе освен демократско однесување и унапредување на демократските права. Никој од нас ене бара експериментирање со образованието и никој од нас не бара политизација на образованието. Туку, напротив, се залагаме, се залагаме и понатаму ќе се залагаме за нормално сведување нас проблемите ,состојбите по демократски пат да се остваруваат правата и тн.

Но, крајно иритирачки и најневкусна беше паролата "или ние или тие". Беше цитирана и пред моите колеги, која значи исклучивост, дезинтеграција, конфронтација, а сето тоа ја обременува состојбата во која ние живееме.

Законот, како што истакнав, не ги исполнува нашите барања. НО, претставува чекор во афирмирањето на јазикот на националноста, на албанците во една високо образовна институција која што, според барањата на Албанците, овој факултет требаше да се основа многу порано. Тој требаше да има многу поширока основа отколку што сега, во

тоа време се разговараше за Педагошки факултет на кои ќе се подготвува наставнички кадар, за предучилишното и основното образование. Но, времето не прегази, тоа не беше рпифатено и од тие причини и оспоруван»ето на законот од страна на албанците. Но истовремено се случува и од страсна на македонската, дрл на македонската јавност која што навистина има негативен став.

Јас би заклучил, не е добро и не чини како албанците како граѓани на РМ да удрат на клин, а македонците на плоча. Треба да најдеме сили да ги мобилизираме сите снаги да создадеме претпоставки за демократски рамноправен развој, тоа значи унапредување, афирмирање и на албанскиот јазик во високообразовните институции односно на универзитетско ниво. Благодарам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потретеседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Еден мал и незаконски применуван закон што треба да се донесе како правна норма за употреба на јазиците на националностите, албанскиот, условно и турскиот, бидејќи нема ниту доволен број студенти на Педагошкиот факултет за едукација на воспитувачи на учители стана повод за отворање на старата рана - високообразование на националностите, посебно албанците кои ниту можат, по мое

мислење, ниту сакаат да се инкорпорираат во единствениот високообразовен систем на РМ и тоа на државнмиот македонскио јазик.

Слушнавме и знаеме дека нивото на образованието на националностите е далеку пониско и тоа е стварно голема пречка за целото образование под еднакви услови во нашата држава. Нивото е една од причините за подеднаков старт под исти услови и тука не помагаат квотите кои не се ниту уставни категории, ниту срećно решение. Оти, откако ќе се запишат со помал број поени, не значи дека успешно ќе ги завршат студиите.

Поради хендикепот на слабата основа и нивните маки и проблеми во текот на студиите ги решаваа на поинаков начин познат на факултетите.

Од друга страна македонци ученици, поради силната желба да запишат факултет изнаоѓаат и невозможни и несреќни решенија да се одродуваат. Ученик македонец, кој има еден родител до друга националност се пријавува како националност да би влегол во квотата на бенефицирани ученици. Деца на мекедонци муслимани се пишуваат како националност, што е апсурд за РМ со цел и тие да студираат.

Трета причина е долгиот временски период изгубен за еден заеднички интегриран високообразовен систем на службениот македонски јазик, од околности познати на сите.

Со осамостојувањето на РМ и затворањето на Приштинскиот универзитет се затвори вентилот на празнење на нашата држава и се наметна и овој проблем покрај сите други. Затоа и вчера и денес отворено и со мали закани се поставува барањето за легализира&е, поточно речено институционализирање на веќе јасно и громогласно

промовираниот храм, тетовскиот универзитет, така наречен, тетовски. Преку денешниот закон пратениците албанци отворено се изјаснија и поставија барање и за денешниов закон не се воопшто заинтересирани не од практични, туку од политички причини.

Да не биде веќе реченото, ништо не е решено еднаш за секогаш, демантирано со едно мое размислување, веќе се е одамна решено, да се држиме до денешниов дневен ред и бидеме ефикасни по овој предлог - закон кој навистина е практичен и мал за решавање.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Јакимовски.

**АЛЕКСАНДАР . ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Можам да изразам задоволство што Министерстовото за образование и Владата најдоа за сходно да постават еден ваков закон пред Собранието за усвојување и за регулирање на една материја, за решавање на едно важно прашање. Прашањето, според некои е парцијално, меѓутоа мис се чини за една институција од образование како што е Педагошкиот факултет не е парцијално, туку е целосно важно прашање. Од тие аспекти сметам дека овој закон треба да го донесеме, да биде усвоен да може оваа институција да работи нормално.

Многумина ги спомнавме и одредбите од Уставот, во однос на членот 48 став 4, да не го повторувам тој член 48 став 4 се преточени во законите за средното и основното образование и до тука работата оди

нормално. Имаме реализација на наставата во практичниот живот на јазиците на националностите, таму каде се исполнети условите, меѓутоа останува дилемата и понатаму кој да ја изведуваа таа настава. И како практично да го реализираме тој член од Уставот. Тука стојалиштата, мислењата што ги видовме тука и пошироко се одвоени.

Од ова, понудениот закон за регулирање на наставата за воспитно образовниот јазик за изведување на наставата на јазиците на националностите во предучилишното и основното образование односно предучилишната настава и одделенската настава, додека предметната настава не ја регулира овој закон.

При формирањето, основањето на Педагошкиот факултет, Универзитетот односно Сенатот има донесено концепт. Со тој концепт е овозможена настава на јазиците на националностите, во 1995 година пред Собранието беше понуден закон за високо образование, помина одредени постапки, процедури, почнувајќи од расправа во Министерството, потоа владината процедура и стигна до Собранието каде и ние имавме можност да го видиме тој закон. Да расправаме на подделни теми. После тоа свое мислење даде и универзитетот, односно неговиот Совет или Сенат како што сега го нарекуваат и јас би го прочитал заклучокот, односно ставот на универзитетот во врска со забелешките на Законот за високото образование, по кој се има произнесено по ова прашање.

Тој став гласи вака:

"Високо образовната дејност се остварува на македонски јазик.

На Педагошките факултети на кои се образувата наставници за основното и средното образование, наставата по одделни наставни

наставни дисциплини може да се остварува и на јазиците на припадниците на националностите, според услови утврдени со Статутот на Универзитетот односно Факултетот и овој закон, односно за високото образование.

Тоа значи дека законот што сега го носиме ги содржи овие ставови на универзитетот. При тоа малку излегува нелогично реакцијата што ја предизвика Универзитетот, Сенатот, колку потписи биле таму, 400 и повеќе, кога тие на одреден начин при основањето на овој Педагошки факултет дале такво мислење, дале виза, а исто така дават поддршка и на законот што треба да го донесеме во иднина.

Ова е тој документ што тие ни го доставија, содржи 43 забелешки на законот што треба да ги усогласиме во наредниот период.

Сметам дека оваа реакција беше малку предимензионирана, беа вклучени и студентите, што не требаше тоа да се стори, иако практично тие одеа малку контрадикторно против некои нивни ставови.

Од овие аспекти, бидејќи законот е во склоп со овие една

ставови на Универзитетот, потоа регулира материја која ја имаме во практиката, решава еден важен сегмент од високото образование, реков за една институција, целосно го решава проблемот и од тие причини сум за донесување на еден ваков закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани дами и господа.

Би сакал да го изнесам мојот став и ставот на пратеничката група на ЛП кој, можевте да забележите доста воздржано и пасивно се држеше по овој закон, а причините за тоа ќе ги објаснам во продолжението.

Овој предлог на Владата по кој што веќе втор ден разговараме предизвика многу контроверзни реакции, како од страна на пратениците во Парламентот, така и воопшто во јавноста во РМ. Очигледно декас распра ата покажа прашањето што се покренува иако е образовно, повеќе е политичко прашање отколку што е образовно прашање, како што и основањето на универзитетот во Тетово беше повеќе политичко прашање отколку образовно прашаше. А нашиот став го знаете, уште' во времето кога не гласаме за претходната Влада заради потписниците на актот за основање на тој универзитет.

Следејќи ги настапите на пратеници, може да се каже се поставуваат крупни политички барања, од претставници на политичките партии кои се на власт во РМ. Ефектите на тие контроверзни реакции не можат да доведат до ништо друго освен ан продлабочување на недовербата во меѓунационалните односи во РМ.

Поради тоа ние сметавме дека покрај настапот на министерот за образование имаше потреба, пред почетокот на расправата да настапи и претседателот на Владата на РМ за да зафати политичкиот аспект на овој проблем, да ги расветли сите аспекти на тој проблем за да се

избегнат контроверзиите, а со тоа многу ќе им помогнеше на пратениците пред нивното конечно изјаснување.

Заради тоа се поставува прашањето во што е суштината на коалицирање во Владата ако се нема истоветен став по вакви крупни прашања и ако Владата не е способна да обезбеди усогласеност од партиите што ја сочинуваат по вакви крупни прашања што ги тангираат меѓунационалните односи во РМ.

Дали во Владата се коалиција и наоѓа заеднички интерес кога се во прашање одредени интереси, пред се од економската сфера каде има и привилегии, поради што во РМ с случуваат такви работи како се случуваат сега, односно потребата претседателот на Владата да објасни дали предлагањето на вакво парцијално решение за вака значајно прашање е вистинско прашање, односно вистински потег на Владата во овој момент или неговата тактичка отстапка.

Исто така беше потребно да се чуве тука од страна на премиерот што тој мисли за следните чекори најавени од коалициониот партер, и за барањата што овде од нив беа поставени?

На крајот, би сакал да кажам дека во голем дел се согласувам лично со ставовите на Универзитетскиот совет, заради тоа што веројатно РМ е можеби единствена држава или една од многу ретките држави во светот која сеуште го немасдонесено законот за високото образование, и во таа сфера функционира стариот закон за здружен труд од 1976 година. Од тој аспект не знам што ќе пречеше ако се почекаше и сето ова се разрешиме со претстојниот закон за високото образование кој и без тоа трева скоро да дојде во собраниска процедура.

Тука, како стојат работите, заради тоа што освен пратениците на СДС ретко кој го поддржува овој закон, против него е Универзитетскиот сенат, против него се изјасни дел од македонските студенти, не знам какви се реакциите на студените албанци на Педагошкиот факултет предизвика многу контраверзни реакции што не некој начин го поставија прашањето дали ова не е некаков вешт маневр на Владата, вниманието на јавноста во РМ, на граѓаните на РМ да го одвлече до тешките економски состојби во државата на друга страна, на полето ма опасноста од влошување на меѓунационалните односи во РМ.

Од тие причини пратеничката група нар Ј1П ќе се воздржи од гласањето по овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Томислав Стојановски по втор пат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сосема кратко, ќе го изгласаме законот, морам да укажам на некои невистина што беа искажани, а ако не ги кажеме значи ги прифаќаме.

Во многу дискусии се спомнува дека во Македонија албанското малцинство е застапено со 1/3, што не е точно. Имавме попис, тоа евидентно и не смеат да се дозволат такви манипулации во овој висок дом.

За жал, од еден дел на дискутантите, ставовите на Сенатот беа инкриминрани и толкувани на еден начин каде што суштината е дека Сенатот е против настава на албански јазик на Педагошкиот факултет, Никаде не стои тоа. Сенатот, едноставно бара овој закон да се вклопи во Законот за високото образование и да оди по нормална постапка, што е сосема прифатливо.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Не сакам да бидам ничиј адвокат, меѓутоа ако колеги на кои што професијата им е правна наука и ги сметам за едни од еминентните правници во оваа држава, со право денеска го минимизираат Уставот и го толкуваат како нешто споредно кое што може да се менува како што сакаме, мене таа појава ме загрижува. Мораме да кажеме дека ова веќе не е образовно прашање, не е уставна категорија, туку е, се разбира, она што е најнепријатното во овој случај политичко прашање. Дека е ова политичко прашање покажаа колегите кои што при закон за Педагошки факултет немаше еден да не побара легализација на нелегалниот универзитет во Тетово.

Според тоа, ако ние бараме легализација на една дивоградба во чувствителна сфера високото образование, дали ние имаме морално право да забраниме дивоградби од типот на проширување на објект, на куќа, па недај боже и некој ако изгради санитарен чвор некаде, што е„ и нормална потреба. Значи, ние три години оваа дивоградба ја толерираме како држава, законодавен дом. И што можеме да очекуваме понатаму Ако ние членот 48 го толкуваме толку волонтаристички, верувајте не е тоа придонес дека Македонија се вклопува во тие европски модели и стандарди, туку напротив ние го дерогираме Уставот и дури го разоруваме. Дај ние да имаме храброст да го поставиме Законот за високо образование, да поставиме на дневен ред промени на Уставот, па ќе направиме поинаква конструкција на државата, како што некои ја бараат и експрицитно тоа тука го објаснуваат дури како пример за многу порелаксирани и подобри меѓунационални односи. Јас не можам да поминам преку дискусии на некои колеги тука, кои што толку едноставно го елаборираат вработувањето на кадри од ваквите факултети во западниот дел на Македонија, каде што овие кадри ќе ги потиснат постојните кадри, значи, македонски и други, тоа значи таму има

албанизација на тој простор, а потоа ќе се создаде лојална конкуренција. Не можам да прифатам овде да се даде една квалификација и преку неа да се помине како нормален ток на настаните. Извинете. Закон за Педагошки факултет и една таква визија, една таква конструкција значи едно поинакво уредување, да се разбереме. Тоа веќе не е ова, тоа веќе не е држава на македонскиот народ и националностите кои што живеат во неа. Тоа е сосема нешто друго. Треба да бидат за- грижени тие колеги дека тоа што некој така едноставно го предвидува таму, лесно утре е тука тоа. Не е Австралија Македонија. Тоа што е во Тетово, тука е. Верувајте ќе се експонира во многу поостра форма. Ние, сепак, таму што живееме најлесно ги разбираме потребите и нај- лесно соработуваме, и најлесно ни е, да знаете, затоа што се познаваме. Имаме чувство за тие меѓусебни односи. Меѓутоа, така лесна квалификација да се изрази, преку оваа говорница да се врши пресмета со врвни институции на универзитетот., мислам дека не треба да ги користиме овие моменти при овие прилики, со сета одговорност дека чувствителна материја, сепак, сметам дека словото на Уставот треба да ни биде основа, треба да ни биде база, затоа што ние се претворивме во негатори на Уставот. Нас ни е сеедно што потоа Уставниот суд укинува многу наши одлуки и сега не е тука министерот за правда, но ќе го оставам во стенограмите да прочита, за него поставувам како пратеничко прашање, кои се санкциите и према кого треба да се спроведат ако одлука на Уставниот суд, која што е конечна не се спроведува

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Професоре Игњатовски вие не бевте спомнати. А ако се препознавте во дискусијата, според Деловникот, имате право за збор.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Се препознава, но погрешно. Господинот Томе Стојановски е политичар и моите искажувања, барем онака како што ги интерпретира треба добро да ги прати, за да им дава своја димензија.

Во втората фаза, во делот на пресметнување со универзитетот, не се работи за никакво пресметување затоа што тоа е состојбата на универзитетот, а вистински универзитетот е далечна релација од г-динот Томе Стојановски за да може да дава вакви квалификации.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Томе Стојановски нема намера да биде член на Сенат, но ако биде член на Сенат сигурно дека ќе ги застапува правата и обврските на тие што го ибзрале и ќе има едно достоинство, ако не друго, повеќе до колегијални причини да се пресмета со тој Сенат таму каде што треба, а не на оваа говорница, каде што тие што ги прозва, не се.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-ѓа Софија Тодорова има збор.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници, после дискусијата што како и што се очекуваше беше прилично обемна, јас чувствувам потреба да кажам нешто, заради се она што беше кажано од оваа говорница. Покрај дискусиите кои дадоа низа аргументи во прилог на поддршка на овој закон и решаваше, односно создавање на нормативна основа на процесот што се реализира на Педагошкиот факултет, слушнавме или слушнав многу чудни, многу за мене несфатливи објаснувања и размислувања посебно од пратениците албанци. И тогаш навистина човек може да си го постави она прашање што г-динот Хисен Рамадани го постави.

Ако е така, тогаш кому овој закон му треба. Зошто овој закон да се донесе. Еве зошто треба да се донесе овој закон и кому овој закон, навистина му е потребен.

Да кажам дека е потребен и на оние 240 студенти кои сега студираат на Педагошкиот факултет. Сигурно мене ќе ми биде најтешко верувам и на нивниот професор г-динот Џеладин Мурати да објасниме зошто тој закон не доби поддршка и кај пратениците албанци. Сигурно тој закон не е потребен од ваквата дискусија на политичките партии. Тогаш може да се изрече онаа констатација, но беше упатена на погрешна адреса, на адреса на Владата дека предлагањето на овој закон има политичка заднина, во овој случај неласањето на овој закон сигурно има политичка заднина.

Овој закон е потребен и за институцијата во која се врши едукација на овој кадар. Сега според статутот на оваа јавна установа, станува збор за воспитувачи и за одделенски наставници. Не спорам со сугестијата дека називот можеби е несоодветно утврден, но станува збор за институција која сега во овој момент едуцира ваков кадар. Се разбира, не би била точна констатацијата дека се занимаваме само со институции. Таа институција ни е потребна, заради решавање на конкретни проблеми. Тоа беше кажано во дискусијата. Тоа значи дека Законот е потребен и заради 44.000 ученици од националностите, најголем број од албанската националност, кои се опфатени од 1 до 4 одделение во системот на образование. Сега има нелогика во логиката на друг дискутант кога кажа дека токму во основното образование, што ќе рече и во овој степен, и во овој сегмент на основнотоо образование се соочуваме со сериозни проблеми од аспект на квалитетот на наставата. Од аспект на стандардите што ги исполнуваат или не ги исполнуваат лицата кои се вклучени во образовниот процес. А од друга страна повторно би гласале, како што беше најавено, многу пред тоа и од

лидерите на одделни партии дека нема да се одржи овој закон. Конечно, овој закон е потребен и заради консеквентната политика што Владата на Република Македонија ја води во сферата на образованието. Се разбира, тоа е долгорочно но и решавањето на 'вековните проблеми, што не се само во овој случај проблем само за Владата, најмалку проблем е и за Универзитетот. Доволно е една група на студенти да почувствува да мисли и објективно да не е така дека е обесправена и веќе имаме проблем кој треба да не загрижува сите нас и универзитетот, и не сега да решава за политичко прашање, туку за реално образовно прашање, досега тоа да беше поставено и на Сенатот на Универзитетот. Но, реков и заради политиката што ја води Владата.

Мене ме загрижува фактот што барем во име на вистината да се кажеше да се регистрираше нешто пред што можеме да ги затвораме очите, дека тука се направени значајни позитивни поместувања од аспект на подобрување на квалитетот на наставата и од аспект на зголемување на опфатноста на припадниците на националностите,но во институциите на системот. Во институциите на системот велам, не како што беше предложено, нас ни треба педагошки факултет, но педагошки факултет на албанците, кој ќе биде управуван и раководен со декани, раквоодна структура, деканска структура, албанци. Со таков приод апсолутно не би се согласила и заради следното. Ние во текот на вчерашната и денешната расправа честопати се повикувавме на меѓународните конвенции, наш интерес е нив да ги почитуваме тоа да биде еден репер од кој ќе поаѓаме во оценката на постигнатото во сферата на образованието. Точни беа извадоците што ги презентираат најчесто и пратениците албанци, но и тоа што јас го прочитав, а тоа говори за фактот дека тие создаваат доволно широк простор, па врз основа збор, што честопати се употребува, можностите на земјата да се најде и оптимално решение. Па, еве во една од тие конвенции стои дека:

"определбата за високо образование на јазикот на малцинствата не значи синоним со основање на паралелна инфраструктура, создавање на паралелни образовни институции на ниво на универзитет, само би придонело за изолација на малцинството од мнозинството". Тоа стои во Хашките препораки.

Членот 26 од Универзалната декларација на човекови права нагласува дека целта на образованието е промоција на разбирање, толеранција и пријателство помеѓу народите. Во овој дух интелектуалниот и културниот развој на мнозинството и малцинството не треба да бидат одделени. Затоа, ние не формираме посебен педагошки факултет само за албански јазик, но како што некој кажа факултет во кој ќе имА паралелки, на кои наставата ќе се реализира на македонски и на јазиците на националностите. Всушност, тоа е препорака и за пониските скалила на образованието , препорака која ние и успешно ја реализираме секаде каде што имаме етнички мешани средини. А она што сакав да спомнам за тоа што е направено во сферата на образованието, а од никого не се посочи како позитивно поместување, напротив, проблем на употребата на јазикот на националностите во сферата на образованието едноставно се поистовети со негова употреба во сферата на високото образование. И во спротивно беше кажано дали е тоа јазик што ќе се употребува во семејството во приватниот живот. Не е тоа така и јас пак ќе кажам дека навистина ги оствaруваме највисоките стандарди вклучени во меѓународните конвенции, инструменти и иако не сме Швајцарија, Финска или Канада по економската моќ, ние тука можеме со нив да се токмиме, затоа што од она што е како алтернативна можност дадена во тие конвенции ја одбираме онаа која значи и највисок стандард.

VIII/7.-

Состојбите задоволуваат во сферите на основното образование од аспект на сеопфатноста, постојат поздивни поместувања, значајни евидентни и во кус временски период во сферата на средното образование, иако со опфатноста на учениците што завршуваат основно образование во следниот степен на образование и ние не сме задоволни. Оттаму оној приод на, како велиме позитивна дискриминација, па подготвуваше на различни ранг-листи за да можеме да ја зголемиме таа застапеност. Иако во една од дискусиите беше кажано дека се разбира и интересот и шансите за успешно школување е ако тоа се обезбеди на мајчин јазик и тоа беше употребено како аргумент за мал процент на припадници на националностите со високо образование, заради тоа што таму на- ставата е на македонски јазик, кој би бил аргументот што во вкупниот број на ученици 11% отпаѓаат на пример на албанската националност а тука е блиску и процентот на студентите на двата универзитета во Македонија, каде наставата се реализира во основа на македонски јази] Иако реков веќе се приближуваме кон бројка од 50% на опфат на генерацијата и јас сум радосна што оваа година сите што пројавија интерес да го продолжат школувањето на ова ниво, на ниво на средно образование и беа вклучени во образовниот процес.

Во високото образование, исто така, веќе достигнавме процент од некаде 3%, до пред 4 години, процент од 7,7% во оваа последна учебна година, со што се разбира не требаме и не можеме да бидеме задоволни. Во таа смисла веќе ќе започнат да се реализираат два значајни проекта, кои ќе треба да го подигнат квалитетот на наставата во средното образование. Организирањето на таканаречената нулта година за дополнителна подготовка на средношколците, за да се охрабрат, но и да стекнат знаења успешно да го совладаат приемниот испит и да се запишат на факултетот, и на факултетите во Републиката.

И овде, се разбира, е актуелна политиката за утврдување на квота и мене ми е жал што и од оваа говорница, а и по друг повод во друга прилика слушнав критичка забелешка зошто постои некакво квантитативно ограничување на приемот на студентите, припадници на националностите. Навистина, чудна констатација. Се разбира, тие се сосема рамноправни во нивното рангирање , во бројката што е утврдена за прием на студенти на одделни факултети, а ова е можност и на таа бројка, со помал покажан успех на приемниот испит да бидат вклучени во системот на образованието. Политика што не е непозната и во други земји.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас ќе морам на крајот само да кажам уште нешто, што можеби ќе им користи на дел од пратениците во нивното изјаснување околу законот. Најчест аргумент што беше користен или што беше кажан од оваа говорница е дека би требало да се донесе законот за високото образование, со кој ќе се легализира таканаречениот тетовски универзитет и заради тоа резерва или негативен став кон овој закон. Затоа реков, за да помогне во одлучувањето, јас да кажам дека не се планира легализирање на таканаречениот тетовски универзитет во законот кој е во постапка за донесување. Тоа го нема ниту во една меѓународна норма и стандард, тоа директно води кон ерозија на правниот систем и правниот поредок, што ќе се согласите сите во овој највисок законодавен дом, дека тоа е основ за развој на демократските процеси. Знаете, образованието е сфера од јавен интерес. (реагирања во салата) Сфера во која на степен на средно и високо образование е дадена можност за формирање и на приватни институции, но и за начинот и за условите под кои тие се формираат и функционираат, повторно тие услови се дадени и ќе бидат дадени со законска регулатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, само со два збора сакам да го повторам тоа што го кажав вчера дека со ова што е моментална состојба во Република Македонија со образованието на албански јазик ниту се вградени некои највисоки стандарди кои што се познати во меѓународните документи, кон кои што уште еднаш да повторам Република Македонија се обврзала да раководи. додека ова

што го кажавте дека не се планира легализирање на тетовскиот универзитет јас сметам дека Владата сериозно треба да размисли околу обврските што ги има преземено при зачленување во разни меѓународни организации, каде што на одреден начин презела обврска да не го спречува тоа право да го остваруваат самите припадници на одредена етничка група, доколку тоа државата не гледа за сходно да го обезбеди.

Во оваа смисла, би сакал само да се надоврзам на Рамковната конвенција за национални малцинства, каде што член 13 експлицитно дава за право основање на приватни институции, вклучувајќи ги и високообразовните институции. Сметам дека Република Македонија кон оваа конвенција, дури и да сака не може да изјави резерви во поглед на овој член и сметам дека ваков став е во спротивност со изнесените залагања и гаранции во актот на зачленување во овие меѓународни организации. Така што јас уште еднаш ќе се надоврзам на професорот Ангелов - никогаш да не кажеме никогаш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот, јас не се осврнав многу на универзитетот во Тетово, иако тука беше доста кажано, меѓутоа, да ви кажам една друга работа. За тоа ќе биде посебно збор тогаш кога ќе дојде збор за високото образование. Сега имаме друг закон во процедура. Меѓутоа не сакам ниту да реплицирам со неколку пратеници кои зборуваа или после мене, а ни со госпоѓата односно другарката госпоѓа министерка. Само да ви кажам една работа.

Универзитетот во Тетово е основан, работи и нема сила не само во оваа држава Македонија, што е наша заедничка, не ја оспорувам, туку

никаде во светот, а камо ли една министерка ќе прејудицира уште од сега дека нејзиното величество нема да го легализира универзитетот. Универзитетот во Тетово го има потписот на сите политички партии во Македонија, на сите пратеници и го има мојот потпис и не може да го спречи никој. Ако не и одговара да биде со нас госпоѓата министерка, нека оди од Македонија, нека бара таму каде нема албанци. Албанците, впрочем како и македонците постоеле, постојат и ќе постојат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, формално деловнички само јас имам право да се јавам бидејќи по име бев само јас познат, но ако се препознаат и други можат да се јават за збор.

Мислам дека госпоѓата министер има право кога инсистира паралелно со слабостите да се кажат и позитивните работи и достигања. Кога се работи за делот на институционализирањето на средното образование и напорите и на Министерството и на сите други чинители за да се динамизираат процесите на образованието во таа област и на албанците, мислам дека и Министерството и сите заслужуваат позитивни оценки. Тоа важи и за друго. Меѓутоа, јас бев должен да кажам дека бидејќи и министерката мислам дека сакаше да инсистира на тоа да одговорам зошто мислам дека најдобро е законот да се одложи.

Прво, мислам дека не може да се одбегне вистината дека законот е парцијален не од онаа филозофско логичка смисла на господинот Вангелов, туку на концепциската смисла за Педагошкиот факултет. Ние се залагавме и се залагаме за комплетен педагошки факултет во смисла на едуцирање на кадри за сите потреби до ниво на средно образование.

Такви примери има. На пример, јас лично сум бил во Мариборскиот педагошки факултет, на кој постојат 19 катедри и уште неколку дисциплини и тоа се подготвувања на професорски кадри.

Второ, мислам дека ова второто инсистирање што беше мое, што со право министерката инсистира дека не е само институционална расправа, но јас и натаму сметам дека не е доволно функционална, затоа што мислам дека со состојбата на културниот и образовниот подем на албанците сите не треба да бидеме задоволни и дека треба да се најдат и институционални и други форми, па и политички, за да се надмине таа состојба. Сега не ви велам само на вас и не се однесува само на нас тука, и на македонскиот условно да речам народ, туку се однесува пред се на албанците, но и на сите нас, бидејќи сме ние заедничко тело на една држава. Јас уште кажав, нагласив дека ќе извршиме и ние внатрешен притисок колку што можеме сред албанското население, поголема пондерација на вредностите да има образованието сред нив. Во таа смисла, мислев дека треба да се оценува институцијата која постои, затоа што таа почнала. Замислете, кај албанците - министерката има право, уште со женските деца имаме проблем. Меѓутоа, со овој тетовски универзитет веќе се 50% со жени. Тоа е крупен чекор за наш амбиент тука. Сега, нека ми извинат дамите за таа нескромност, јас ќе кажам нешто пред нив: Без културна жена, нема културен народ. Тоа е мојот проблем, за тоа се залагам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Атанас Вангелов, има реплика, беше спомнат.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Јас сум сосема убеден дека со најдобра намера даде една квалификација на моето вчерашно излагање господниот Хисен Рамадани

кога рече по однос на парцијалниот на тоа прашање дека се работи за една - ќе го цитирам како што кажа - филозофско логичка експликација или формулација. Се надевам дека точно интерпретирам. Меѓутоа може да се добие впечаток дека еден таков пристап во врска со еден конкретен проблем може да биде нефункционален. За жал на оваа точка не би можел да се согласам со господинот Хисен Рамадани, затоа што некое излагање е или логичко или не. Доколку не е логичко е автоматски нефункционално, бесмислено, некорисно и тн.

Сега кога веќе земав збор сакам да кажам и нешто друго. Јас сакав да се јавам и пред тоа кога зборуваше господинот Томислав Стојановски, затоа што една негова експликација на извесен начин сите нас не задолжува. Имено, тој рече кога на оваа говорница и од ова место и пред сите нас се изнесуваат невистини, човек треба да реагира, а тоа значи дека доколку не реагира на ист начин дава до знаење или сигнал дека се согласува со тие невистини. Точно е тоа дека се изнесуваат невистини, точно е тоа дека тој реагираше и точно е тоа дека јас не реагирав на ниедна невистина, па дури и на некои алузии кои се изнесуваа на моето вчерашно излагање, а кои сакаа или се обидуваа или да го омаловажат или да го дискредитираат или ако сакате да го потценат, тоа е право на секој човек и тој има право така да постапува како што мисли дека треба да постапува, не само од практични туку и од други причини.

Зошто јас не земам збор во такви ситуации?

Ќе ви речам сосема отворено дека во такви ситуации не земав збор затоа што човек може да биде навреден кога се изнесува некоја невистина било за друг човек или за себе, во оној случај кога тоа го прави или некој човек достоен за почит и кој е духовно и физички посилен од него, или некој човек кој не е достоен за почит ниту

духовно,ниту културно, ниту физички. Како треба да постапи во ситуација кога некој човек изнесува невистина и со тоа го навредува кога добива за противник духовно и физички човек недостоен за почит или нерамноправен.

Јас мислам дека тој треба да го игнорира тоа, затоа што ако реагира на тој начин покажува дека тоа го здоболело и ако го здоболело тој е заправо еден погоден човек и со тоа самиот не е достоен за почит, затоа што практично тој е кукавица.

Како треба да реагира еден човек кога е навреден или повреден од човек достоен за почит. Тој исто така не треба да реагира затоа што достојниот човек нема право на навреда. Со фактот што навредува тој заправо докажува дека не е достоен човек за почит.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шаќири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Не сакав втор пат да се јавувам за дискусија, меѓутоа, дискусијата на госпоѓата министерка ме натера да се јавам за збор.

Што се однесува до законот што е предложен од страна на Владата, јас мислам дека е ирационално решение, бидејќи со овој закон не знам кои проблеми од сферата на високото образование на албанското население ќе се решат. Ние инсистираме на глобално решение, на рационално решение, а вие подобро од нас и Владата и Министерството знаете кое е рационално решение во конкретниот момент во Република Македонија.

Да ви кажам само еден пример во поранешна Југославија. Настаните од 1981 година ги осудиле сите народи во тогашна Југославија, меѓу нив и македонците. Но пред да знаат дека ако еден

проблем не се реши реално, ако било кој државен орган одбегнува од вистината е осуден да пропадне. Ако ние како албанци не сме тука во вистината, тогаш ние сме осудени да пропаднеме. Но ние и со научни и со многу добри конкретни примери искажавме каков е проблемот. Меѓутоа, овој проблем е присутен и треба да се реши. Треба да се најде решение, а не со вакви зборови за тетовскиот универзитет - не може, нема никакво решение. Тоа може да го каже само некоја друга сила. Ако така почнеме да ги решаваме проблемите во оваа Република, во оваа мала земја, тогаш немојте да обвинувате други дека се виновни, дека не се за заеднички живот, сожителство и тн., како што беше во поранешниот систем братство и единство. Тоа братство и единство ние знаеме какво беше и ние знаеме како ќе се реши проблемот. Затоа инсистираме. Никој не е против македонците. Тоа треба да го сфатите. Претставувате една институција, Министерство за образование и физичка култура и вие како одговорен орган и Владата треба да води сметка, наместо да се зафати за овој проблем кој мислиме дека е клучен проблем за перспективата на оваа земја, се зафаќате со некои ситни работи, дајте да го решаваме проблемот на Педагошкиот факултет, таму каде што студираат 200 и нешто студенти. Нека се реши тој проблем, никој не е против тоа. Но прво треба да се разгледува - јас ваква масовност не сум видел откога беше на дневен ред пакетот на закони од правниот систем, кога требаше да се донесе законот со 2/3 мнозинство, законот за кривична постапка, од- носно тие три закони и оттогаш ние не сме имале таква масовност.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (Продолжение)

Ние не го сакаме; тој закон. Вие инсистирате да се донесе. Затоа кажувам дека тука постои игра која игра за нас не е позната. Со кого Вие се пазаревте за овој проблем и какво е пазарењето, Вие знаете подобро од нас. Ние како албанци не сакаме ваков парцијален закон. Ако се донесува за некој друг тој закон, тогаш имате право. Ако мислите дека проблемите во сферата на високото образование кај албанците да се решаваат со ваков закон, мислам дека правите голема грешка. Затоа барам проблемот во оваа држава треба целосно да се реши. Секој кој има одговорност и кој знае подобро од нас како се решава овој проблем, не треба да избегнува. Еден ден ние треба да се соочиме со овој проблем . Зошто ние не го расчистиме овој проблем туку овој Парламент и сите други државни институции да се занимаваат со еден ваков проблем. Реков овој проблем еден ден ќе се реши. Можеби Вие денес нема да го прифатите, но утре , задутре или после година дена ќе се реши. Но, така тврдо да инсистирате и да тврдите дека за овој проблем нема расположение и не постои минимум разбирање кај државните органи да се легализира тетовскиот универзитет е голема грешка. Тој работи. Таму студираат уште еднаш повторувам 2500 студенти. Тој кадар утре ќе работи во оваа држава.

Сега мене ме зачудува фактот што Вие инсистирате да се донесе овој закон, ние не сакаме да се донесе. Тука постои голема дилема зошто се манипулира со високото образование на албански јазик во оваа држава, на овој начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (13 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (14 пратеници)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Кој е за предлогот на оваа седница да се претрес и предлогот на законот, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (13)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да беше гласањето со проценти, иако имам веќе забелешка 90% би гласал не, 10% за. Нешто има. Затоа се вклучувам во вториот дел за текстот на законот, па да видиме како ќе изгледа тој. Ако биде како што јас мислам, можеме нешто да измениме на крајот, па може евентуално да биде и нешто неочекувано.

Кога веќе, како импонирано мнозинството мајоризацијата го изгласавте Предлогот за донесување јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот "Свети Климент Охридски" со претпоставка

дека ќе го изгласате и Предлогот на овој закон, за мојот електорат, за мојата партија за демократски просперитет на албанците и за мојата пратеничка група на ПДПА-НДП и за мене лично, не можам да бидам јас и сите ние рамнодушни  индиферентни и не е сеедно како ќе се одвива натамошниот исход на овој законски проект, каков ќе биде неговиот финиш.

И самиот Предлог на законот и образложението кое неминовно пронзлегува од него, резултираат како да се гради една куќа почнувајќи од кровот и тоа со криво поставен кров, т.е. без темели, без основа, без подлога.

Со Уставот и членот 48, како што веќе реков во првата моја дискусија, нема никаква врска и првиот член од овој Предлог на закон кој на прв поглед изгледа како да правно нормира некаква постоечка состојба, или пак состојба која треба подобро и поконкретно да се регулира и изгледа како да е симпатично за албанците. Напротив ако се проанализира по студиозно тоа произлегува дека е не симпатично туку само симптоматично.

И самите бројки во образложението на предлогот, околу оценката за состојбите т.е бројот на студентите и наставниците воопшто и спрема националната припадност, посебно за овие последниве, зборува само по себе дека се работи за манипулирање и големи недостатоци на оваа високо образовна институција која бара итно разрешување, но не на овој начин со ваков законски проект. Има ли логика повторно, кога скоро за исти предмети, за 344 студенти македонци да им бидат 35 македонци на чело, од кои 15 наставници, додека за 236 студенти албанци само 12 се,<\од кои половината наставници, а исто толку колку надворешни соработници. Тоа што е речено за причините, важи и за целта, за донесување на законот.

Кога би имал добра намера предлагачот, санкционирањето на состојбата во членот 1 недоволно е обработен, непотполно т.е делумно на пола пат и недоречено. Затоа имам и интервенирано со посебен амандман, за дополнување.

Каков таков овој Предлог на закон и во членот 2 веднаш почнува да го девалвира претходниот член, да го исклучува од тоа што е речено и доаѓа во спротивност и со преамбулата на Уставот на РМ, што се однесува до рамноправноста на граѓаните и националните колективитети, како и со членот 9, членот 44 став 2, со членот 54 став 3 и т.н. од Уставот, бидејќи се служи со теоријата на ексклузивитетот освен за предметите што се однесуваат на македонскиот јазик со култура на изразувањето и на историјата, кои се изведуваат на македонски јазик. Значи веднаш не рамноправност, еднострано оптоварување, понижување на јазикот, културата и историјата на националностите,што е чиста дискриминација. А како би било обрнато или само обрнато, господа. Како би било секој да го изучува јазикот, културата и историјата на другиот, или пак секој само своето односно уште подемократски, факултативно ако му одговара, ако осеќа потреба. Затоа и за ова имаме соодветно амандманско интервенирање, за да се растовари овој член од мегаломанијата, од над ординерното, патолошкото идеализирање, понижувачкото однесување и колку толку да личи на еден скромен и малку подостоинствен акт.

Параболата на потполното девалвирање на овој законски проект и тајната намера односно злонамера на предлагачот продолжува, се продлабочува и потполно се открива во членот 3, со изигрување на кадри, а посебно во членот 4 кој го исклучува на многу екстремен и вулгарен начин претходниот член, наводно ако не може да се обезбеди

соодветен наставен кадар за наведување на настава на јазиците на националностите, до неговото обезбедување, наставата ќе се изведува на македонски јазик". Ова манипулирање, господа, оваа не можна но сигурна злоупотреба од истиот предлагач на законот кој ќе интервенира постојано и за неговото спроведување е многу јасно и не треба никаков коментар. Тука се поставува не оспореното прашање, како ќе одговори на ова оваа Влада, на студентите албанци на кои им ветуваше дека се им ги обезбеди наставниците по сите предмети да ја изведуваат наставата на албански јазик. Што ќе прави тогаш Владата кога студентите албанци, како што изјавија неколку пати и прекус средствата за јавно информирање дека ќе ја бојкотираат наставата по предметите на македонски јазик и дека се одлучни во тоа. како ќе се оправда Владата и пред меѓународните делегации и фактори, кога, ако не сите, барем поголемиот дел од студентите албанци ќе се испишат и ќе се запишат на истиот факултет на универзитетот во Тетово.

Предлогот на овој Предлог на закон при ненормални услови го има и својот епилог, уште едно ограничување, уште едно манипулирање, уште една дискриминација во членот 5 каде вели "наставата ќе се изведува на јазиците на националностите, доколку во прва година се запишаа најмалку 20 студенти". Тоа зборува само по себе и не треба друг коментар, туку само ограничувања, ограничувања и ограничувања. Што сето тоа значи. Тоа е јасно. Значи нешто многу имплицитно.

После оправданото бојкотирање на наставата по предметите на македонски јазик од страна на студентите албанци , петицијата и нивното демократски и цивилизирано протестирање беа поттикнати и анти протести не цивилизирани, антидемократски, антиалбански, од страна на една без значајна група нивни колеги, не само од матичниот факултет

туку раководни лица од Универзитетот "Свети Кирил и Методи "-Скопје од , за жал , повторно, сенатот и ректоратот. Предлагачот се обидува ова да го санкционира и преку параграфите на предложениот закон и да ни го сервира како свршен чин. Меѓутоа ако случајно не се прифатат барем нашите амандмани, во името на мојот електорат, албанците од мојата изборна единица и пошироко од тоа во името на мојата партија за демократски просперитет на албанците, мојата парламентарна група, не само нема да гласаме за овој дискриминаторски, манипулантивен, не демократски и против уставен закон, туку тој како таков нема ни да се спроведува т.е. нема да има релевантност.

Мојата парламентарна група на ПДПА-НДП апсцинираше повторно неколку месеци од работата на Собранието на РМ, во прв ред поради тоа што на 50-тата седница не беше ставен на дневен ред статусот на универзитетот во Тетово и после правосилната пресуда, приведувањето за издржување казна затвор на ректорот, проф. д-р Фадил Сулејмани и другите наставници идејци на третиот и најмладиот универзитет во Република Македонија.

Кога веќе се најави неговото нешто предвремено пуштање од затвор, а во сабота ќе биде дома, така гордо, машки, херојски, албански... , како и поради овој и слични нај деликатни законски проекти, ние се вративме во Парламентот за да го дадеме и понатаму, колку толку, нашиот скромен придонес во секој поглед и ќе го дадеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Сали Ибраими, Хисни Шакири и Зекир Кадриу поднесоа амандмани на член 1 и за додавање став 2, за менување на член 2 , член 3 став 2, за бришење на член 4 и на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 и за додавање став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисен Шакири и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа затоа што со досегашниот, закон за насочено образование не би требало да биде законска материја бројот на студентите кој ќе се запишуваат, или структурата на административниот кадар. И се разбира додавката, ставот 2 што се предлага не се прифаќа од едноставна причина, што таму се сугерира решение според кое оваа учебна година овие студенти ќе бидат овде а од наредната година ќе бидат вклучени,во текстот стои, во рамките на Универзитетот во Тетово, се додека во Скопје не се основа универзитет на албански јазик.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ќе одиме до крај. Ги имате нашите предлог на амандмани во едно многу концизно образложение. За тоа треба да се образложува малку поопширно. Да ви докажам дека ние сме во право.

Целокупниот број од 230 студенти албанци во учебната 1996/97 година, во однос на три-четири студенти македонци не одговара ни на бројноста на населението, ни на потребата на албанците за едуцирање на наставнички кадар за предучилишните установи и за одделенска настава во основното образование.

Исто така, и целокупниот наставнички кадар од 35 македонци професори, соработници, асистенти и стручен соработник, во однос на 12 наставника албанци, од кои половината надворешни работници со една третина ни најмалку не задоволува ниту адекватно со бројот на албанците, иако предметите се скоро еднакви. Иако за административниот дел нема службени податоци. Тој е или никаков, или минимален и безначаен од редовите на албанците и без адекватно застапување не може да ги обавува задачите и потребите на администрацијата за студенти албанци и наставници албанци и другите.

XI2

Додека став 2 се предлага да се додава од објективни и субјективни познати и претпоставени причини, што катедрите со албански наставен јазик не можат понатаму да бидат вклучени во рамките на Педагошкиот факултет во Скопје. Зошто? Од една страна и студентите и наставниците македонци на гетоистички начин веќе се против албанците и против албанскиот јазик, не само на улица и во најекстремна форма, туку и службено преку соопштенија и ставови, па дури се приклучија и студенти и највисоки фактори на универзитетско ниво на апсурден и невиден начин и без преседан во аналите на светските рамки. Додека од друга страна адекватната национална застапеност и на администрацијата се овозможува, не само рамноправност, што е загарантирано по Уставот, каков таков, туку и поефикасно извршување на факултетот секојдневните потреби на наставниците албанци и надворешното кореспондирање. Став 2 се предлага да се додаде како конкретен, пообјективен и поефикасен придонес за оваа цел за да се што поитно корпорирање во рамките на системот на високото образование и неговото финансирање од средствата на Републичкиот буџет, се додека не започнуваат подготовките за основање уште на еден универзитет, односно вториот по ред на албански јазик и во Скопје, тек тогаш административното вклучување на катедрите со наставен албански јазик би се вратиле повторно во Скопје, но овој пат на право место. Со надополнувањето на став 1 и додавањето на став 2 на овој член и без двоумното прифаќање ќе се гледа и правата намера на предлагачот и неговото мнозинство во Парламентот дали е сериозност или само политичка игра.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисни Шаќири и Зеќир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа во спротивност е со член 7 и со член 48 од Уставот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи Владата решила однапред и се знае исходот и на проектот кој се предлага и на амандманите, на најенергичен начин другите амандмани ги повлекувам од процедурата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И овој?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И овој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (12 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски"во Скопје.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на билатералниот договор меѓу Македонската Влада и Шпанската Корпорација за осигурување на кредити во извозот SECE за репрограмирање на надворешниот долг на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на билатералниот договор меѓу Македонската Влада и Шпанската корпорација за осигурување на кредити во извозот SECE за репрограмирање на надворешниот долг на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Веднаш да кажам дека го поддржувам не само овој предлог, туку ги поддржувам и сите останати предлози за донесување закон, односно законите за репрограмирање на вкупен долг према Шпанија некаде околу 5,5 милиони долари, према Шведска 240 милиони долари, према Данска милион и шесто седум илјади долари, или вкупно дванаесет милиона четиристотини дваесет и две илјади долари. По се изгледа дека некои пропусти се направени, дали е тоа повеќе јас не успеав да видам, дали повеќе во преводот или недостасуваат некои работи што се кажани во клаузулите на билатералниот договор меѓу Македонската Влада и Шпанската корпорација за осигурување.

Во клаузулата 3 пишува - репрограмирани износи. Репрограмираните износи се дадени детално во следните анекси:

Анекс 1 не зборува за тоа колку е тоа.

Анекс 2, исто така не зборува и

Анекс 3 исто така не зборува.

Подолу под анекс 3 зборува - доколку некои од бројките наведени во анекс 1, 2 и 3 погоре се погрешно пресметани или испуштени соодветни измени можат да бидат внесени веди откријат грешките или пропустите.

XI6

Со оглед на тоа што не се гледаат овие работи, од материјалите што ни се понудени, треба да стојат анексите со овој договор, за да се види, иако во образложението се гледа за кој износ се работи. Меѓутоа, договорот, по мене не е комплетен. ВО таа смисла и мојата забелешка дека треба да се докомплетира заради целосно комплетирање на документот.

Тоа е мојата забелешка во однос на овој предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(73)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на билатералниот договор меѓу Македонската Влада и Шпанската Корпорација за осигурување на кредити во извозот SECE за репрограмирање на надворешниот долг на Република Македонија.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Данската Влада, за консолидација ан долгот на Македонската Влада кон Данската Влада, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Дан>,ката Влада за консолидација на долгот на Македонската Влада кон Данската Влада.

Кој е за,молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(70)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Данската Влада за консолидација на долгот на Македонската Влада кон Данската Влада.

Минуваме на <u>точката 5</u> - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (69)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претресе по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Имам повторно две мали забелешки.

Првата забелешка е зошто се доцни со поднесување на предлозите, затоа што во поранешните два договори и во овој има клаузула дека, на пример за овој договор дека каматата почнува да се плати на 30.04.1996 година.

Поставувам прашање дали таа камата е платена навреме, за да не дојде, или е дошло до плаќање на затезна камата.

Второ, една исправка што треба да уследи во македонскиот превод, веројатно е направено при куцање. Тука пишува за Владата на Република Хрватска, а треба да стои за Владата на Шведска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот, и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за молам да крене рака? (70 пратеници)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес .

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Шеста точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот на репрограмирање на долгот меѓу владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставен односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот за репрограмирање на долгот меѓу Владата на РМ, и Владата на Кралството Шведска.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот за репрограмирање на долгот меѓу Владата на РМ и Владата на Кралството Шведска.

Седма точка.- Нацрт на закон за енергетика.

Нацртот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

По повод законот би сакал да укажам на една работа која Мислам дека треба во последната фаза кога ќе дојде во Собранието да се дорасчисти. Имено, Нацрт на Законот за енергетика, Според датумите кои во него се провлекуваат очигледно е дека е поминат во Владина процедура пред ова Собрание да го донесе законот за екологија, односно законот за заштита на животната средина.

Во самиот закон главата четири која ги опфаќа членовите 48 и 9, уредуваат област од заштита на животната средина и природата од штетно влијание при работа на енергетските објекти, уреди и постројќи, што е на интегрален начин решено во Законот за екологија, не само за објектите од енергетска природа туку за сите објекти. Колку смеат да емитираат загадување, како се врши давање на согласност за таква технологија, како се врши надзор на таа работа и комплетна процедура. Соодветно на овие два члена има и казнени од- редби во овој закон кој може би сега, во овој момент не сум сигурен може да се преплетат со Законот за екологија.

XII/4.-

Мислам дека треба да се усогласат овие два закона односно непотребно станува регулирањето на оваа проблематика и во овој закон

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Еден редок пример како треба да донесуваме закони затоа што овој закон оди во три фази и евидентно е дека во третата фаза ќе претставува еден од поквалитетните закони. Ја користам исто така приликата да укажам и би се надоврзал на она каде што стаса мојот колега Поповски да се види можност, точно заради усогласување со Законот за екологија, да се види можност, збрана на изградба на нуклеарна централа во РМ. Да се види можност, тоа да го санкционираме.

Понатаму, во овој закон се разбира дека доминираат електричната енергија како најсовршен, најрафиниран,најсофистициран вид на енергија, помалку се застапени другите видови на енергија што мислам. дека треба во наредниот период да се искористат знаењата кои што ги имаме, потенцијалите иако предлагачот и нема причина да не му верувам искажа образложение дека се поканети и присуствуваат во оваа расправа најкомпетентните фактори во Републиката. Ова нека биде еден јавен повик и тие фактори да придонесат да добиеме еден покомплексен закон и во другите видови.

Да се види можноста за стимулација на алтернативните видови на енергија како што се: сончевата, геотермалната, рационалното искористување на гасот во сите домини и она што значи енергија како обновлив вид и заштеда на енергијата. би требало да се предвидат стимулации за оние корисници кои што ќе вложуваат во заштеда на енергијата, во нејзино доискористување затоа што се помалку ќе можеме ние да донесуваме тука одлуки за и изградба на нови електро енергетски објекти кои што знаеме дека фантастично скапо чинат. Мислам дека има

огромни резерви во стопанството и во другите потрошувачи за да може со ова ниво на развој на некој начин потребите од енергија да ги задоволуваме, се разбира она што го имаме. Дотолку повеќе што овие денови сме информирани дека моментно во светот има вишок на електрична енергија и не треба ние настојчиво да одиме, да градиме перманентно нови електроенергетски објекти. Иднината ја гледам во рационално трошење, во трансформација и во таа смисла треба со доведувањето на гасот треба да се стимулира рационалното трошење на електричната енергија, а не нејзина трансформација во топлинска енергија. Значи од топлинска енергија произведуваме електрична енергија, а потоа неа ја трошиме нерационално преку електричните печки итн., итн. Треба да се стимулираат централните затоплувања и алтернативните термоелектрични централи з а кои што има и можности има и капацитети, има и кадрови, само би го иницирал веќе подзаборавеното решение за енергетскиот влог и потенцијали со кои што располага  железарницата во Скопје, како еден од оние сегменти кои што имаат и перспектива и кон што можат профитабилно да работат.

Една генерална забелешка и на Комисијата за стопанство беше дека најповеќе во овој закон се уредуваат правата на испорачателите на енергија особено на електричната енергија на Електростопанство на Македонија. Многу малку се води сметка за обврските на овој систем, на ова јавно претпријатие и спрема стопанските субјекти и спрема потрошувачите. Не ретки се примерите без најавување да се нанесат огромни штети на стопанството и мислам дека во законот треба да се направи макар н мал срамежлив чекор оваа област да се санкционира.

Понатаму воопшто отсуствува и мислам дека тоа ќе мора да се вгради кој ја сноси одговорноста ако не се исполнуваат одредбите од законот кои што одредуваат потребна квалификациона структура, од

раководни лица до обични извршители. Не е одредено кој е тој што ја врши таа контрола, кој е одговорен за нормално да презема санкции и една исто така интересна материја прашањето на енергетска согласност кое што придонесува општи сознанија за стимулација на дивоградбите од најмалку 30% во државата која што не е прецизирана, не е регулирана и ќе мора за тоа во завршниот закон да се преземат соодветни мерки. Ќе посочам само еден пример кој што последниве денови го имаме во тетовско. Издадена е електроенергетска согласност за дивоградба - индустриски објект во село Непроштено со потрошувачка на електрична енергија од 200 киловати. Такви работи не смеат да ни се случуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор г-дин Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуванм претседателе, почитувани пратеници, во оваа прилика сакам само да нагласам неколку моменти, она што требаше да биде предмет на расправа и она што е кажано е потенцирано и е содржано во извештајот на Комисијата за стопанство, но не смета да се даде нагласеа за што во оваа фаза при концепираните решенија на Нацрт на законот изостануваат неколку значајни така да кажам констатации кои би требало да бидат предмет во понатамошната фаза за доработка на текстот.

Наиме, самиот концепт онака како што е поставен во основа го задоволува севкупниот интерес за решаваше на проблемите на енергетиката во РМ. Така да тука не треба да има други дилеми, дека треба да има поединечни или сепаратни закони за решавање на одредена област во делот на енергентите. Имајќи во предвид дека ги содржи сите енергенти и севкупниот интерес на енергетиката мислиме

да тој концепт како модел остане во понатамошната фаза за доработка. Но, добро би било во текстот, понатаму под еден да се заговори или да се создаде правен основ за обезбедување на средства за истражување на енергетските извори. Во интерес на време не би го елаборирал, само би потенцирал, ако создадеме основа да има место да се обезбедуваат извори за финансирање веројатно во подоцнежна фаза иако се воведе некој денар за инвестирање, за истражување на минералната суровина не би имале проблем со уставните судови ако тоа некој го постави.

Под два, добро би било да се создадат услови за квантифицирање на можностите за прифаќање нови видови на енергија, било тоа да се гледа низ призмата на супституција или низ призмата на стимулирање што беше и речено. Добро би било во понатамошните решени да се најде третман или да се дефинира решение во кое ќе се заговоир уредувањето на тарифниот систем, што во оваа фаза во овој закон не можевме ние тоа да го забележиме.

И, уште една сугестија да се создаде правен основ за развој ан енергетиката во функција на развој на сите видови на енергија во РМ.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ќе изнесам само две прашања по однос на Нацрт законот за енергетика.

Прво, во однос на член 17, се вели дека во рамките на утврдената стратегија за развој на Републиката, Владата на РМ, донесува програма за развој на енергетиката. Јас мислам дека треба да стои за кој период ја донесува таа програма.

XII/8.-

И она што посебно сакам да нагласам е тоа дека се залагам за прашањето за концесија. Јас мислам дека треба да се прифати кога дискутиравме за Законот за концесија, јас го истакнавме, меѓутоа не помина, а сега повторно се залагам кога е во прашање концесијата дел од средствата за концесија да бидат зацртани во Законот, да останат во единиците на локалната самоуправа.

Еве кои се причините зошто тоа така го предлагам. Со изградбата на електроенергетски објекти во Републиката, општината каде што се лоцирани тие објекти губат доста големи економски потенцијали и со тоа мислам дека би требало да остваруваат право, да можат дел од концесиите да останат во тие општини. Ние како Дебар познато е дека изградивме хидроелектрана, дадена во употреба уште 1969 година, некаде на 7.07.1969 година, и оттогаш таа е веќе отплатена. Меѓутоа, знајте, верувајте дека општината Дебар, од таа хидроцентрала освен 30-40 или 50 вработени, нема никаква корист, а изгуби огромна земјоделска површина, која што денеска да ја имаше Дебар можеше слободно да се храни од тие површини, а верувајте ништо, ние една пара не оди, освен тоа што електростопанство беше поинаку организирано отколку што е денес, како единствено претпријатие, имаше корист, меѓутоа, денес таа ништо не добива.

Од тој аспект се залагам во Предлог законот да биде застапена определба дел од концесијата да остане на единицата на локалната самоуправа. Јас би рекол, моја желба би било иако мислам дека не е скромна 20% од тие средства да останат во општината. Само така може нешто општината да поправи, по однос на животот на тие граѓани, кои што го изгубиле својот имот со изградбата на електроенергетските објекти.

Благодарам.

XII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Беќир Жута, министер за стопанство и потпретседател во Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Водејќи сметка за времето кое стои на располагање и да не биде причина да трошам многу од вашето време, само неколку збора. Денеска расправаме за втората фаза на овој закон, ние ќе имаме можност во третата фаза како предлог на закон за енергија да дојдеме и ред е, денес да дојде еден заклучок кој веројатно претседателот како таков ќе го предложи, дали сите оние можни укажувања кои може да се вградат во концептот на Законот кои пратениците го прогласуваат како извонреден, но му закачуваат по една закачка, секој од своја позиција Ќе провериме и ќе видиме што може да се вгради и на кој начин и дали воопшто може да се вгради и да биде тоа задача на Владата, тоа што може да се вгради.

Јас поединечно сега не би навлегувал затоа што водам сметка за вашето време и расположение и она што ви претстои на седницата.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за енергетика.

Два, Владата на РМ, ќе изготви и на Собранието ќе му доста- ви Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Три, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

(Колку пратеници има во салата, ве молам? 68 очигледно некој не гласал.).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 8 - Избор на претседатели на основните судови во Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Сали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Изгледа само ние албанците треба да плачеме, да бараме Видете, од 27 основни судови во РМ, за оваа не треба некое посебно излагање, дискусија или што ти ја знам, жал ми е што морам да се појавувам на говорница и се знае што ќе кажам, истото се знае и пак ќе се повикуваме на логиката. ако има логика, ако сме рамноправни, а за рамноправноста се зборуваше овие два дена доста, и за прв пат и од позицијата се цитираа доста параграфи од Уставот, за прв пат се бараше рамноправност, но се знаеше овој пат зошто, идниот пат нема да биде вака сигурно, и ве молам од 27 претседатели на основните судови во РМ од страна на Републичкиот судски совет е предложен само еден кандидат. Се знае во која општина какви се процентите, колкав е бројот на албанците и другите национални колективитети во Македонија.

Можеби ќе се каже и не сакам таков одговор дека не се пријавени доволен број албанци, дека некој можеби бил во печатот се предвидени да бидат предложени за обвинители па да биде некој процент како што беше во онаа бивша црвена југословенска мини империја.

XIII/2

Меѓутоа, ние имаме и други аргументи. Кога веќе се занимаваме со проценти нека биде и тоа што не е точно значи 65 и нешто македонци во Македонија, 22,9, 23 албанци, тоа значи повеќе од 1/3. 23 : 69 ќе требаше 1/3 точно. Зборувам сега во односот на македонците, во однос на севкупниот број на жителите се знае.

Меѓутоа, од 27 претседатели да биде предложен само еден албанци и тоа не е ниту од редовите, имам службена информација од ПДП туку е од СДСМ. Значи, ваш претставник ќе биде, ваш судија кој е едини во Тетово. И затоа зошто не се пријавија албанци доволно, а има и пријавени кои не се предложени од страна на Републичкиот судски совет.

Имам некои информации, скоро, од неколку градови, неколку основни судови во Македонија дека не се пријавени доволно. Значи, од оние избрани во овој Парламент, како судии приватните основни судови од Куманово па до Дебар и Струга. Видете з ас оваа држава, за оваа Република, а во прв ред за оваа Влада и за оваа позиција, но првата позиција, втората никој не ја ферма, жално е тоа што нема добри албанци судии, квалитетни, способни, искусни, енергични, многу објективни при извршувањето на нивните работи, на нивната судска должност и функција не се пријавија на конкурсот аз претседателите на основните судови. Зошто? Жалосно е зошто токму тие немаа доволно доверба ниту кон Републичкиот судски совет ниту во ова Собрание и однапред се убедени дека знаат, нивното барање, нивното пријавување, нивното конкурирање нема да се усвои, нема да бидат избрани во ова Собрание. Тоа е многу лошо за оваа држава, а велам во прв ред, државата сме сите ние, само за оваа Влада и за СДС.

Поконкретно, да не должам, може да се одржи цела лекција какви се тие правници, кои се, што се, како работат судовите, како почнале и тн., меѓутоа, денеска се јавив неколку пати, само имам нешто конкретно.

Вака, изборот за претседатели на основни судови не во цела Македонија, не сакам трака да игнорирам, да се одложи за понатаму за основните судови во Куманово, па еден основен суд во Скопје, мислам II, точно незнам каде има повеќе од националноста албанци и во Тетово. Инаку, во Тетово нека се изјаснуваат тетовчаните, јас кажав за одреден судија каков е, иако е од СДС, ако е добар судија, ако е објективен немам ништо против, иако не е од мојата партија и не е од ниту една партија од албанците. Значи, нема веќе вака некоја алергија ако е тоја од СДС. Така беше и службената информација и тоа е точно.

Исто во Гостивар, во Кичево каде има 4 избрани судии од ова Собрание за кои не знам кои од нив е подобар. Сите се многу добри, многу фини, иако не се од мојата партија и нека се договараат тие меѓу себе, нека конкурираат сите 4 ако сакаат или нека дојде еден до нив. И во Струга. А, за жал, во Дебар, претседателот на основниот суд не се предлага од редовите на албанците.

Значи, во овие 7 градови, 7 основни судови, каде живее поголем дел, службено можеби не во сите, но точно, дефакто, фактички, стварно, во овие 7 општини, градови, фактички живее поголем број мнозинство на албанци во Македонија. Уште поконкретно, информиран сум дека во Дебар се пријавија 2 судии и двајцата многу искусни, многу добри, меѓутоа не е прифатен нивниот предлог, не се предложни затоа што ќе биде обвинител албанец. Нема врска тоа.

Никаква врска нема. Како што ќе биде во некои други основни судови и претседателот и обвинителот македонец, па што ако бидат и двајцата, и претседателот и обвинителот во Дебар Албанци? На некој начин тоа што е и закон и Уставот што не обврзуваат, па малку да се поправи, колку толку, националната застапеност.

Затоа, уште поконкретно, за овие други судови да се одлага, затоа што ќе има последици, ќе биде во прашање и двојазичност во тие судови, точно за другите да се одложи, за понатаму, а едниот од овие двајца кои се пријавиле во Дебар, точно денеска да биде избран за претседател на основниот суд во Дебар. И тие, за двајцата имам информации од нивното создавање, многу се способни, многу искусни, многу објективни, а еден од нив особено, тоа е судијата кој е веќе избран од овој Парламент, Ехад Марку. Барем денеска да се почне малку да се исправи грешката што е направена, а за другите да се одложи. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Данка Бубевска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Берово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Данка Бубевска е избрана за претседател на Основниот суд во Берово.

Предлогот Олга Бошевска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Дали има некој против? (1пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (.38 пратеници)

Констатирам дека Олга Бошевска не е избрана за претседател на Основниот суд во Битола.

Предлогот Благој Нечев да биде избран за претседател на Основниот суд во Велес, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Благој Нечев е избран за претседател на Основниот суд во Велес.

Предлогот Симеон Пешов да биде избран за претседател на Основниот суд во Виница го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Симеон Пешов е избран за претседател на Основниот суд во Виница.

Предлогот Ристо Ангелковски да биде избран за претседател на Основниот суд во Гостивар, го ставам на гласав»е.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека Ристо Ангелковски е избран за претседател на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот Велика Караниколова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Гевгелија, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Велика Караниколова е избрана за претседател на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Томо Бужаровски да биде избран за претседател на Основниот суд во Дебар, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Томо Бужаровски е избран за претседател на Основниот суд во Дебар.

Предлогот Митко Георгиев да биде избран за претседател на Основниот суд во Делчево, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Митко Георгиев е избран за претседател на Основниот суд во Делчево.

Предлогот Стојан Бојков да биде избран за претседател на Основниот суд во Кавадарци, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Стојан Бојков е избран за претседател на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Божин Аврамовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Кичево, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Божин Аврамовски е избран за претседател на Основниот суд во Кичево.

Предлогот Зоран Трајанов да биде избран за претседател на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Зоран Трајанов е избран за претседател на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Лилјана Саздова Мијалковска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Кратово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (56 пратеници)

Констатирам дека Лилјана Саздова Мијалковска не е избрана за претседател на Основниот суд во Кратово.

Предлогот Гоко Алексовски да биде избран за претседател Основниот суд во Крива Паланка, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Гоко Алексовски е избран за претседател на Основниот суд во Крива Паланка.

Предлогот Миле Поповски да биде избран за претседател на Основниот суд во Куманово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Миле Поповски е избран за претседател на Освоениот суд во Куманово.

Кочо Горѓиоски да биде избран за претседател на Основниот суд во Крушево, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Кочо Горѓиоски, е избран за претседател на Основниот суд во Крушево.

Предлогот Ратко Петровски да биде избран за претседател на Основниот суд во Неготино, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Ратко Петровски е избраа претседател на Основниот суд во Неготино.

XIV/1. ПЈ/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (продолжение)

Предлогот Љубин Алексовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Љубин Алексиовски е избран за претседател во Основниот суд во Охрид.

Предлогот магистер Жирил Цветановски да биде избран за претседател на Основниот суд во Прилеп, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против ? /не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека м-р Кирил Цветановски, е избран за претседател на  Основниот суд во Прилеп.

Предлогот Благој Дамјански да биде избран за претседател на Основниот суд во Радовиш, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (51 пратеник се воздржуваа од гласање.

Констатирам дека Благој Дамјански не е избран за претседател на Основниот суд во Радовиш.

XIV/2.-

Предлогот Драги Жаловски да биде избран за претседател нг Основниот суд во Ресен, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Драги Жаловски е избран за претседател за претседател во Основниот суд во Ресен,

Предлогот Стојанчо Атанасов да биде избран за претседател на Основниот суд во Свети Николе, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против>? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Стојанчо Атанасов е избран за претседател во Основниот суд со Свети Николе.

Предлогот Ангел Солев да биде избран за претседател на Основниот суд Скопје I - Скопје, го ставам на гласање,

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник се воздржува од гласање).

Констатирам дека Ангел Колев е избран за претрес во Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот Љубомир Јовески да биде избран за на Основниот суд во Скопје II - Скопје, го ставам на РЈ

XIV/3.-

Кој е за, молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за Дали има некој против? (не>)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Љубомир Јовевски е избран за претседател на Основниот суд во Скопје II - Скопје.

Предлогот Живко Вранишкоски да биде избран за претседател на Основниот суд во Струга, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Живко Вранишкоски е избран за претседател во Основниот суд во Струга.

Предлогот Борис Бержецки да биде избран за претседател на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? /не

Дали некој се воздржува од гласање? (53 пратеници гласаа против)

Констатирам дека Борис Бержецки не е избран за претседател во Основниот суд во Струмица.

Предлогот Сафет Хамзи да биде избран за претседател на Основниот суд во Тетово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Сафет Хамзи е избран за претседател на Основниот суд во Тетово.

Предлогот Стојанче Рибарев да биде избран за претседател на Основниот суд во Штип го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не

Констатирам дека Стојанче Рибарев е избран за претседател на Основниот суд во Штип.

На избраните претседатели на основните судови им го честитам изборот и им посакувам успеана работа.

Минуваме на <u>точката 9</u> - <u>Предлог за разрешување на заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија.</u>

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Саид Саид да бидеа разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?(не)

XIV/6.-

Констатирам дека Собранието го разреши Саит Саит од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија, на негово барање, поради стекнување право на старосна пензија.

Му посакувам добро здравје и долга пензија.

Предлогот Ванко Павловски да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? /не)

Констатирам дека Собранието го разреши Ванко Павловски од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија на негово барање, поради стекнување право на старосна пензија

Исто така и на г-дин Павловски му посакувам добро здравје

Предлогот Милица Војводиќ да биде разрешена од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја разреши Милица Војводиќ од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија, на нејзино барање, поради стекнување право на старосна пензија.

И посакувам добро здравје и се најдобро.

XIV/6.-

Минуваме на точката 10 - Предлог за разрешување на заменик на Окружниот јавен обвинител во Скопје.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го разреши Благоја Алексов од функцијата заменик на Окружниот јавен обвинител во Скопје, поради исполнување услови на старосна пензија.

Му благодарам, се разбира за она што досега во вршел во својата функција и му посакувам добро здравје.

Дневниот ред е исцрпен.

Јa заклучувам 58-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам за уште мало трпение, бидејќи на делегацијата од Интерпарламентарната Унија на Македонија мандатот и истекува со крајот на месецов, а материјалот и предлогот ви е поделен уште вчера, ве молам да завршиме со оваа седница на Парламентот во својство на Парламентарна делегација во Интерпарламентарната Унија.

(Претседателот ја отвори 4-тата седница на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната Унија. Откога го прочита сценариото со дневниот ред, за бор се ]ави пратеникот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Во име на Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз барам одлагање на оваа седница за термин пред или по наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, јас предлогот морам да го прифатам. Јас сакам само да ве предупредам дека мандатот на Делегацијата истекува на крајот на месецов.

Вчера материјалот ви беше поделен. Но, ако пратеничката група бара одлагање на седницата/ јас го прифаќам предлогот.

Седницата заврши со работа во 16,35 часот.